СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ЗА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, НА КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 И ДЕЛ ОД КП 1765/1 КО МИСЛЕШЕВО-ВГР, ОПШТИНА СТРУГА

Н А Ц Р Т И З В Е Ш Т А Ј

Март, 2025 година

CONSULTING COMPANY
www.enviroresources.com.mk
Лондонска бр.19 ТЦ - Тафталиџе/с3 лок 1 и 2, Скопје
тел/фак: 26138-360

Со цел навремено да се согледаат евентуалните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, како и социо - економските аспекти од реализација на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга согласно член 65, став 2 од Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), се наложи потребата за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.

Извештајот за Стратегиска оцена е потпишан од Експерт за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (видено од Копија на Уверение, дадено во прилог).

Во подготовката на Извештајот за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина учествуваа:

Емил Стојановски, дипл. инж. по заштита на животна средина,

Љупчо Аврамовски, дипл. економист,

Кети Стојановска, м-р. по менаџмент на човечки ресурси.

Горенаведениот извештај за стратегиска оцена на животната средина согласно член 66 став (5) од Законот за животна средина е потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина која ја води Министерството за животна средина и просторно планирање. Како доказ за истото во прилог на извештајот е дадена копија на Уверение со број 12-4226/3 од 21.06.2022 година дадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Управител
Емил Стојановски

Enviro resources
CONSULTING COMPANY
www.enviroresources.com.mk
Лондонска бр.19 ТЦ - Тафталиџе/с3 лок 1 и 2, Скопје
тел/фак: 26138-360

Имајќи ја во предвид потребата од изработка на Извештај за стратегиска оцена на влијанијата врз животната средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга, како и одредбите од Законот за животна средина донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е
За определување на експерт за изработка на
Извештај за стратегиска оцена на животната средина

Емил Стојановски, дипломиран инженер, се определува за овластен Експерт за изработка на стратегиска оцена на животна средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга.

Образложение:

Емил Стојановски, дипломиран инженер, ги исполнува условите пропишани со член 23 став (3), член 72 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина на („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22) и се стекна со правото да биде вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Управител
Емил Стојановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-4226/3
Датум: 21-06-2022 година

УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

Стојановски Душан Емил роден на 01.03.1975 година во Скопје, дипломирал на ден 13.09.2007 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Машински факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 26.12.2012 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
Naser Nuredini

М.П.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-4349/2
Датум: 21-06-2022 година

УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

Аврамовски Методиа Љупчо роден на 01.03.1953 година во Скопје, дипломирал на ден 22.06.1977 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Економски факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 30.12.2010 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
Naser Nuredini

М.П

Број: 0805-50/150020240357886

Датум и време: 14.10.2024 г. 11:26

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 14.10.2024 во 11:27
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6068448
Целосен назив:	Консултантско друштво ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО Скопје
Кратко име:	ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО Скопје
Седиште:	ЛОНДОНСКА бр.19 ТЦ-Тафталиџе/с3 лок1и2 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Вид на субјект на упис:	ДОО
Датум на основање:	27.1.2006 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4030006576746
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.3 - друштво со ограничена одговорност
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	419.900,00
Уплатен дел MKD:	419.900,00
Вкупно основна главнина MKD:	419.900,00

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/088AFE5EA3ED446598EF2B3A9E8414A438347B8639075276131CC65EAEC0B89A

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

СОПСТВЕНИЦИ	
ЕМБГ/ЕМБС:	0103953450198
Име и презиме/Назив:	ЉУПЧО АВРАМОВСКИ
Адреса:	ВАСИЛ ЃОРГОВ бр.20-1/40 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	214.100,00
Уплатен дел MKD:	214.100,00
Вкупен влог MKD:	214.100,00

ЕМБГ/ЕМБС:	0103975450043
Име и презиме/Назив:	ЕМИЛ СТОЈАНОВСКИ
Адреса:	БУЛ.КОЧО РАЦИН бр.10/44 СКОПЈЕ, ЦЕНТАР
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	205.800,00
Уплатен дел MKD:	205.800,00
Вкупен влог MKD:	205.800,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	74.90 - Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	Надворешна трговија со прехранбени производи и непрехранбени производи Изведување на градежни работи во странство Посредување и застапување во меѓународниот промет на стоки и услуги Консигнациона продажба Реекспорт Деловни и менаџмент консултантски активности во меѓународниот промет

ОВЛАСТУВАЊА	
Управител	
ЕМБГ:	0103975450043
Име и презиме:	ЕМИЛ СТОЈАНОВСКИ
Адреса:	БУЛЕВАР КОЧО РАЦИН бр.10/44 СКОПЈЕ, ЦЕНТАР
Овластувања:	Управител - Дипломиран инженер по заштита на животна средина

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/088AFE5EA3ED446598EF2B3A9E8414A438347B8639075276131CC65EAEC0B89A

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Ограничувања:	*
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	contact@enviroresources.com.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/088AFE5EA3ED446598EF2B3A9E8414A438347B8639075276131CC65EAEC0B89A

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Содржина:

	Вовед	11
1.	Цели на Планскиот документ	14
1.1	Цели на заштита на животната средина	17
1.2	Специфични цели на Стратегиската оцена	20
1.3	Употребена методологија	23
1.4	Законодавна рамка	24
1.5	Институционална рамка	26
1.6	Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина	28
1.7	Резиме	29
2.	Преглед на планскиот документ	30
2.1	Основи на Планскиот документ	30
2.2	Плански опфат	30
2.2.1	Географска и геодетска местоположба	30
2.2.2	Намена на употреба на земјиштето	31
3.	Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура	35
3.1	Сообраќајно поврзување	35
3.2	Комунална инфраструктура	36
4.	Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина	39
4.1	Карактеристики на просторот	39
4.1.1	Сообраќајна поврзаност	39
4.1.2	Рељефни услови, наклон и експозиција на теренот	40
4.1.3	Хидротехничка структура	40
4.1.4	Климатски и микроклиматски услови на регионот	41
4.1.5	Население	43
4.1.6	Стопанство	43
4.1.7	Хидротехничка инфраструктура	43
4.1.8	Културно наследство	44
4.2	Опис на сегашната состојба со животна средина во планскиот опфат	45
4.3	Сегашна состојба со животната средина во и околу планскиот опфат	56
5.	Состојба без имплементација на планскиот документ	58
6.	Алтернативи и чинители за избор на алтернатива	59
7.	Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина	62
8.	Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од	

	имплементација на планскиот документ	71
9.	План на мерки за мониторинг на животната средина	82
10.	Нетехничко резиме	84
11.	Прилози	94
	Додаток	96
	Користена литература	100

Вовед

Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга се наоѓа западно од село Мислешево, во близина на градот Струга, и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација.

Предметната локација досега не била опфатена со никаков урбанистички план, општ акт или урбанистичко-планска документација, а од Општина Струга не е добиена информација дека во непосредна близина на проектниот опфат (поточно во радиус од 100м) постојат урбанистички планови или одобрени урбанистички проекти. Заради тоа и согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), урбанистичкиот проект се изработува врз основа на претходно издадените услови за планирање на просторот за ГУП на Град Струга, бидејќи истиот е дел од тој опфат за Условите за планирање на просторот.

Заклучните согледувања од добиените Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП на Град Струга, изработени од Агенцијата за просторно планирање со тех.бр. Y13118и од ноември 2018 (издадено Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр.УП1-15 1558/2018 од 27.11.2018 година), согласно член 62 став 4 точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25), се составен дел на графичките прилози на документационата основа на овој урбанистички проект.

Согласно опишаните граници за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 1,64 ха (16435,50м^2).

Оцената на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина и здравјето на луѓето е постапка со која се проценуваат влијанијата врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на предложените плански документи, со цел потенцијалните влијанија да бидат земени во предвид уште во најраната фаза на донесувањето на одлуки поврзани со планирањето на просторот.

Спроведувањето на Стратегиската оцена на влијанијата на планскиот документ врз животната средина обезбедува креирање на мерки за заштита на животната средина и здравјето на луѓето во процесот на подготвување и донесување на планските документи преку експертска проценка и вклучување на јавноста пред донесување на истите, а со цел донесување на одржливи плански решенија.


Подготовката на планскиот документ ги дефинира и јасно ги утврдува основните, а со тек на време и реалните цели и правци во доменот на земјоделството, шумарството, енергетиката, индустријата, туризмот,

управување со отпадот, управување со водите, просторното и урбанистичко планирање и користење на земјиштето, како и Националниот акционен план за животна средина и локалните акциони планови за животна средина кои ја налага потребата согласно член 65 од Законот за животна средина од спроведување на Стратегиската оцена на влијанието на животната средина на овие плански и програмски решенија и цели.

Стратегиската оцена на на влијанието на животната средина се состои од неколку фази на планирање:

- проверка;
- определување на опфат;
- основни податоци на животната средина;
- оцена;
- подготовка на извештајот за животна средина;
- консултација со засегнатата јавност;
- прифаќање на стратегијата, планот или програмата и
- мониторинг.

Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена (СЕА) за плански документ кој го подготвува локалната управа (Screening)



При определување на обемот и деталноста на информациите во Извештајот за животна средина, Локалната самоуправа на општина Струга е должна да побара мислење од органите кои се засегнати од реализација на планскиот документ. Исто така, според Архуската Конвенција и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11) член 8, општината е должна да го вклучи учеството на јавноста преку:

- утврдување на динамиката и роковите што ќе бидат реални за ефикасно учество на засегната јавност;
- нацрт-правилата треба да бидат јавно расположливи, и
- на јавноста треба да и се овозможи да го изнесе своето мислење.

Министерството за животна средина и просторно планирање јасно ги дефинира основните, а со време и остварливите цели и правци на развојот, особено во поглед на неопходните квалитативни структурни промени и за нив релевантни и адаптибилни решенија и опции. Непосредната поврзаност и меѓусебната условеност помеѓу планскиот опфат и влијанието на животната средина наметнува едновремен, интегрален третман на просторот и дефинирање на долгорочна стратегија за уредување, опремување и користење на просторот и ефикасна заштита на животната средина, природата и културно-историското наследство во регионот.

Посебно внимание е посветено на карактеристиките на користење на земјиштето. Правната и административна рамка, која ги опфаќа основните закони, стратешки планови и стандарди на животната средина, како и процедурите за Стратегиска оцена на животна средина обработени се во посебно поглавје од овој Извештај.

Анализата на алтернативите кои се опфатени со овој извештај укажува на потребата од неминовно спроведување на Стратегиската оцена на влијанието врз животната средина во процесот на планирање заради правилна и поефикасна избрана алтернатива. Очекуваните резултати врз животната средина, препораките и мерките за намалување на влијанијата, како и планот за мониторинг се прикажани и објаснети во посебни сегменти од овој Извештај.

1. Цели на Планскиот документ

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално и меѓународно ниво, а кои се релевантни за планскиот документ. Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно што се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Достапност до доволни количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад;
- Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет;
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга се наоѓа западно од село Мислешево, во близина на градот Струга, и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација. Пристапот ќе се обезбеди преку дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, од источната страна на опфатот. Границите на проектниот опфат се:

- На север поминува низ мал дел од КП 1765/1 и се движи по границите со КП 1765/111, 1765/110, 1765/109 и 1765/108 КО Мислешево-вгр,
- На исток продолжува да се движи по границата со КП 1765/108, ја сече КП 1765/1, продолжува по границата со КП 1765/21, по што скршнува лево и надолу низ КП 1765/1 и продолжува по границата со КП 1765/83 КО Мислешево-вгр,
- На југ се движи по делови од границите со КП 1765/14 и КП 2817/1 КО Мислешево-вгр,
- На запад поминува низ дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр.

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 1,64 ха (16435,50м^2) и е со следните координати на прекршните точки на опфатот:

1.	Y=7474503.140 X=4559842.480
2.	Y=7474512.840 X=4559825.870
3.	Y=7474568.550 X=4559819.410
4.	Y=7474567.500 X=4559811.610
5.	Y=7474567.740 X=4559801.330
6.	Y=7474589.300 X=4559797.840
7.	Y=7474593.559 X=4559866.217
8.	Y=7474626.330 X=4559862.390
9.	Y=7474630.320 X=4559926.660
10.	Y=7474630.610 X=4559930.650
11.	Y=7474637.290 X=4559957.780
12.	Y=7474609.810 X=4559959.870
13.	Y=7474584.750 X=4559961.780
14.	Y=7474559.490 X=4559963.710
15.	Y=7474523.072 X=4559966.487
16.	Y=7474490.907 X=4559871.605
17.	Y=7474490.989 X=4559871.458
18.	Y=7474497.550 X=4559859.630
19.	Y=7474503.140 X=4559842.480



Локација на на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга

Предметната локација досега не била опфатена со никаков урбанистички план, општ акт или урбанистичко-планска документација, а од

Општина Струга не е добиена информација дека во непосредна близина на проектниот опфат (поточно во радиус од 100м) постојат урбанистички планови или одобрени урбанистички проекти. Заради тоа и согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), урбанистичкиот проект се изработува врз основа на претходно издадените услови за планирање на просторот за ГУП на Град Струга, бидејќи истиот е дел од тој опфат за Условите за планирање на просторот.

За утврдување на постојната состојба, направена е инвентаризација во рамките на проектниот опфат, при што е утврдено дека опфатот претставува неизградено земјиште.

Во рамки на предметниот проектен опфат нема изградени објекти и има постојна 35kV подземна мрежа.

УПВОУП со намена А4.3 – викенд куќи и други објекти за врем. сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга | ЧИП ГРОУП ДООЕЛ СКОПЈЕ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА УПВОУП		ПОВРШИНИ	%
	НЗ - неизградено земјиште	1.64 Ха	100%
		1.64 Ха	**100%**

БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПОСТОЈНА СОСТОЈБА		Површини (м2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН	Неизградена површина	16435,50m2	100,00
ВКУПНО		**16435,50m2**	**100,00**

Според податоци добиени од Министерство за култура - Управа за заштита за културно наследство, констатирано е дека во границите на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, со напомена дека доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р.Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 71/14, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Согласно донесениот План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл. Весник на РСМ" бр. 45/20), проектниот опфат се наоѓа во III-д заштитна зона - урбани опфати надвор од градот и надвор од селата (културно наследство).

Во опфатот нема утврдени поединечно заштитени добра и амбиентални градби.

Според податоците добиени од комуналните претпријатија, направена е целосна инвентаризација на постојната комунална инфраструктура во рамките и непосредна близина на проектниот опфат.

Според добиените податоци од ЈП Водовод и канализација Струга, во близина на проектниот опфат поминуваат водоводни линии Ø80 и Ø300 и канализациона линија Ø300, прикажани на скица од нивна постоечка инфаструктура.

Од АД НОМАГАС Скопје е доставен одговор дека на наведениот проектен опфат нема и не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

Според податоци добиени од МЕПСО, предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Македонски Телеком АД Скопје има доставено податоци и информации дека на наведениот плански опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Од Агенција за електронски комуникации (АЕК) е доставен одговор со податоци со кои во моментов располага Агенцијата и е добиен графички прилог со нанесена постојна телекомуникациска инсталација - оптички кабел во близина на опфатот.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје има доставено графички прилог со нанесен постоен 35kV подземен вод кој поминува низ мал дел од проектниот опфат и е нанесен 35kV надземен вод кој е надвор од предметниот проектен опфат.

Јавно препријатие колекторски систем (ЈПКС) има доставено информации дека новопроектираните урбани единици од општина Струга фекалната канализација во согласност со одредбите од член 150 од законот за водите, се приклучуваат на колекторскиот систем кои ги евакуира загадените води во пречистителната станица во с. Ложани и пречистени ги испушта во реципиентот реката Црн Дрим.

Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за природа нема доставено одговор за податоци и информации по поднесеното барање, согласно законски утврдениот рок.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство има доставено одговор на барањето за податоци и информации дека за предметните катастарски парцели, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство нема склучено договори за закуп.

Изградбата на градби со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување и од аспект на повисока организација и уреденост на просторот, инфраструктурна опременост, како и максимално почитување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

1.1 Цели на заштита на животната средина

Заштитата на животната средина подразбира множество на различни постапки и мерки кои го спречуваат загрозувањето на животната средина. Под заштита на животната средина се подразбира не само заштита на

човекот туку и заштита на билната вегетација и животинскиот свет. Целите на заштитата на животната средина се заштита на здравјето на луѓето, квалитетот на екосистемите, заштита на растителниот и животинскиот свет и културни добра чиј творец е човекот, зачувување на рамнотежата и еколошката стабилност на природата, рационално и адекватно користење на природните ресурси.

Декларацијата за животната средина е донесена на Светската конференција на Обединетите држави во 1972 година. Стокхолмската конференција за човековата средина, одржана 1972 година ја разбудила свеста и го означила почетокот на еколошката ера и истовремено ја иницирала Парискатa конвенција на Претседатели на Држави и Влади на земјите од Европската економска заедница, одржана истата година. Во усвоената декларација како основна цел на еколошкиот развој се наведува смалување на ризикот во поглед на условите на живот, подобрување на квалитетот на живеење и да се во остварување на овие цели посебно внимание обрати на заштитата на животната средина. Според тоа, Европското законодавство кое го има усвоено Советот на Европските економски заедници се нагласи гаранцијата на правото на секој граѓанин на чиста и здрава животна средина.

Во текот на 1992 година во сила стапи Базелската Конвенција, чија што цел е смалување на супстанциите одредени како опасен отпад. Во Мај 2004 година стапи во сила и Стокхолмската конвенција за перзистентни органски загадувачи, со кои ги дефинира 12 екстремно отровни органски загадувачи, барајќи нивна редукција или нивно целосно елиминирање.

Меѓународната правна заштита на животната средина се сведува во најголем дел на меѓународно - правна акција против загадувањето. Сепак, меѓународната регулатива во областа на животната средина сеуште не достигнала на ниво кој би овозможил мирен живот на сите живи суштества на нашата планета. Се донесуваат разни протоколи, конвенции, декларации и др.

Република Македонија, во рамките на евроинтеграциските процеси во животната средина има потпишано голем број на меѓународни конвенции, билатерални договори и протоколи и кои заедно со националните прописи ја сочинуваат правната рамка која го уредуваат управувањето со медиумите на животната средина. Во процесот на апркосимацијата на ЕУ законодавство од областа на животната средина преку транспонирање на ЕУ законодавството Република Македонија ги има донесено следните закони:

- Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 89/22 и 171/22);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 100/12 (пречистен текст), 163/13, 10/15 и 146/15) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21);
- Закон за управување со отпадот („Сл. Весник на РМ” бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15 и 39/16) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 31/20 и 216/21);

- Закон за заштита од бучавата во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 63/16) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21);
- Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21) и др.

Процесот на усогласување со законодавството на ЕУ и во сегашно време е во тек, посебно во техничките барања дадени во анексите на ЕУ Директивите. Листата на релевантни закони и релевантни ЕУ Директиви и меѓународни договори се дадени во точката 11 од овој Извештај. Сите обврски што произлегуваат од овие законски и национални стратешки документи, беа анализирани и земени во предвид при дефинирање на основните цели за заштита на животната средина во планскиот опфат при изготвување на овој Извештај.

Како генерални цели утврдени по овие значајни основи се следните:

- Обезбедување на превентивни мерки на заштита на водните ресурси-подземните води од можните загадувачки емисии на материи од реализирање на планскиот опфат;
- Искористување на соларната енергија - како чиста енергија, преку имплементирање на концептот почиста средина;
- Воспоставување на перманентен мониторинг на квалитетот на водата, почвата и воздухот;
- Збогатување на шумскиот фонд преку засадување на појас од соодветни дрвни растенија;
- Сочувување на постојниот биодиверзитет и елиминирање на можните контаминации на истиот и негово исчезнување;
- Воспоставување на перманентна соработка во следењето на состојбите во областа на квалитетот на водата, почвата и другите медиуми во животната средина од страна на локалните и Републичките здравствени институции од аспект на сочувување на здравјето на населението;
- Вклучување на јавноста во процесот на мониторирање на состојбите и донесување на одлуки за медиумите во животната средина;
- Воспоставување на база на податоци за состојбата во секој медиум во животната средина по принципот (движечка сила-притисок-состојба на животната средина-влијание-одговор) на локално и регионално ниво.

Во овој процес се предлага поцелосно имплементирање на горе наведените цели преку реализирање систем на предлог мерки за заштита, одбегнување, намалување, неутрализирање или компензација на негативните влијанија од реализација на предвидените содржини согласно урбанистичкиот план. За таа цел во понатамошниот текст на содржината на овој документ се предлагаат:

⇒ Технички мерки кои треба да се превземат за време на спроведување на планот;

⇒ Препораки за подготвување, донесување и дополнување на плановите и програмите во рамките на спроведувањето на законските обврски во животната средина.

1.2 Специфични цели на Стратегиската оцена

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународната легислатива и се прикажани преку статусот на биолошка разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот:

- Реализацијата на планското решение да обезбеди заштита на животната средина, подобрување на економските услови и зголемување на животниот стандард на населението;
- Правилно управување со просторот заради одржување на видовиот биодиверзитет на флора и фауна и заштита на засегнатите, ретки и ендемични видови;
- Обезбедување на заштитно зеленило во опфатот, со формирање на хортикултурни насади;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на квалитетот на водата;
- Интегрирано управување со отпадот преку исцрпување на сите можности за негово искористување како секундарна суровина и одложување на инертниот отпад на депонија;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;
- Зачувување на културното наследство;
- Зачувување на карактеристиките на пределот и животната средина.

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на;

- државни инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетски системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежни објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови и проекти се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови и проекти, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи.

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

1. Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
2. Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
3. Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
4. Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

Целите на овој плански документ се компатибилни со целите на следните стратешки документи:

- Управување со отпад;
  -Урбан развој и просторно планирање.
- Заштита на биодиверзитетот;
  -Управување и користење на природните ресурси;
  -Да се зачува биолошката рамнотежа на екосистемите;
  -Подигање на еколошка свест;
  -Примена на алтернативи (обновливи извори на енергија).

Програма за развој на југозападен плански регион 2010-2015 година

Главна стратешка цел на програмата за развој на Југозападен плански регион е:

- Конкурентен плански регион во национални и меѓународни рамки што се карактеризира со брз, динамичен и одржлив развој.

Планската документација е во согласност, исто така со:

- Национална стратегија за развојот на туризмот 2009 - 2013 година (Влада на Р. Македонија, 2009 година);
- Национална стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008 - 2020 година).

План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029)

Во План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029) се дефинирани следните цели:

- Зајакнување на управувањето со природното и културното наследство во Охридскиот Регион
- Минимизирање на влијанијата на водите во сливот на Охридското Езеро
- Примена на одржливо земјоделство и шумарство
- Развивање на одржлив туризам
- Контрола врз внесувањето на алохтони видови
- Реставрација и ревитализација на живеалиштата

- Одржливо рибарство
- Заштита на пределот
- Ублажување и адаптација на климатските промени
- Обновување на урбанистичко-аритектонските вредности
- Зачувување и презентација на селектирани археолошки локалитети
- Подобрување на конзерваторскиот третман на заштитените добра
- Подигање на свеста за значењето на природното и културното наследство во Охридскиот Регион.


Просторен План на Охридско-Преспанскиот Регион (2005-2020)

Просторниот план на Охридско-преспанскиот регион, како долгорочен, интегрален, развоен документ, каде е дефинирана просторната организација на Регионот има за цел создавање на порационална организација на различните видови на користење на земјиштето, како и нивна меѓусебна поврзаност, со што би требало да се избалансираат потребите од социо-економски развој, заштита на животната средина и нивото на техничката опременост на просторот. Цели на идниот економски просторен развој на Регионот се:

- Разместување на производните и услужни дејности во просторот врз принципот на рационално користење, организирање и уредување на земјиштето;
- Унапредување и подобрување на патната поврзаност со поблиските и подалечни простори од Регионот со локални, регионални и меѓународни патни правци;
- Квалитативни структурни промени на стопанските сектори;
- Поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја како детерминанта на позабрзан и порамномерен стопански развој;
- Алокација на производните и услужни дејности со примена на системска, материјална, едукативна и друга поддршка за зачувување, заштита и унапредување на природната и создадена средина.

Имплементацијата на планската документација ќе биде во корелација со локалните, регионалните, националните и меѓународни документи со цел да бидат постигнати целите и нивните барања.

1.3 Употребена методологија



Графички приказ на методологијата за изработка на Извештајот за оцена на животна средина

При подготовката на Извештајот за Стратегиска оцена се креираше методологија компатибилна на карактеристиките на просторот опфатен со планскиот документ, планската задача, достапните стратегии и документи.

При спроведување на постапката етапно беа превземени следните чекори:

- Примарно беа дефинирани целите за заштита на животната средина утврдени во стратешките документи на локално, национално и меѓународно ниво;
- Се оствари разговор со претставник на изработувачот на планскиот документ и инвеститорот за целите на инвестиционите активности и содржините кои ќе бидат опфатени во просторот и нивната разместеност;
- Се направи првичен увид на сегашните состојби во животната средина во анализираниот плански опфат, неговата околина и пошироко;

- Подетално се проучија содржините што се предвидени да се лоцираат во планскиот опфат, урбанистичкиот проект, како и просторната документација, намената и категоријата на земјиштето;
- Детално се разгледаа техничките решенија предвидени за реализација на проектната задача;
- Увид на постојната реализирана урбанистичка состојба на подрачјето дефинирано со планскиот опфат (бесправна градба, сообраќаен пристап и сл.);
- Согледување на можните негативни влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;
- Надминување на негативните влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;
- Предлагање на превентивни и корективни мерки за ублажување евентуалните влијанија по животната средина;
- Вклучување и запознавање на сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот.

При изготвување на планскиот документ користена е стручна литература од оваа област, ЕУ Директивите, националните стратешки документи, релевантна законска регулатива, меѓународни договори, просторни и урбанистички планови и други релеванти за изработка на документот.

1.4 Законодавна рамка

Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга е изработен согласно постојната законска регулатива во животната средина и природата во Република Македонија:

Животна средина

Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22).

Стратегиска оцена на животната средина

1. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 114/07);
2. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07);

3. Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11);
4. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11);
5. Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Сл. Весник на РМ" бр. 122/11).

Заштита на природата
Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21).

Амбиентен воздух
Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 100/12 (пречистен текст), 163/13, 10/15 и 146/15) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21).

Закон за урбано зеленило („Сл. Весник на РМ" бр. 11/18, 42/20 и 224/24).

Управување со отпад
Закон за управување со отпадот („Сл. Весник на РСМ" бр. 216/21).

Заштита од бучава
Закон за заштита од бучава („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 63/16) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21).

Води
Закон за води („Сл. Весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21).

Заштита и спасување
Закон за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18).

Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион („Сл. Весник на РМ" бр. 75/10).
Закон за заштита на Охридското Езеро („Сл. Весник на РМ" бр. 45/77).
Досие за номинација на Охридското културно-историско и природно наследство на Листата на УНЕСКО (1980).
План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029) („Сл. Весник на РМ" бр. 45/20).

Досие за номинација на Охридското културно-историско и природно наследство на Листата на УНЕСКО (1980)

Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)
Национален план за управување со отпад (2009-2015)

Просторно планирање
Просторен план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ" бр. 39/04).

Закон за просторно и урбанистичко планирање
Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24).

Правилник за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).
Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови („Сл. Весник на РМ" бр. 142/15).

1.5 Институционална рамка

Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. Весник на РМ" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) ги дефинира следните надлежности на Министерството за животна средина и просторно планирање:

- следењето на состојбата на животната средина;
- заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување;
- заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области;
- реставрацијата на загадените делови од животната средина;
- предлагањето мерки за третман на цврст отпад;
- просторното планирање;
- просторниот информативен систем;
- надзорот од негова надлежност и
- врши и други работи утврдени со закон.

Законот за организација и работа на органите на државната управа во ова насока на Министерството за животна средина и просторно планирање му дава клучна улога, во процесот на креирање на политиката за заштита на животната средина.


Одредени надлежности во управувањето со животната средина имаат и други органи на државната управа и локалната самоуправа како што се:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за транспорт и врски;
- Институтот за јавно здравје;
- Министерство за здравство;

- Хидрометеролошки Завод, и
- Единиците на локалната самоуправа.

Значајна улога во процесот на донесувањето на законите од областа на животната средина има и Собранискатa комисија за транспорт, врски и екологија.

Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена (СЕА) за плански документ кој го подготвуваат државни органи (Screening)



Во процесот на Стратегиска оцена на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање има одредени надлежности пропишани со Законот за животната средина, како што се:

- подготовка на решение во оние случаи во кои не се согласува со одлуката за спроведување, односно неспроведување на СОВЖС или со определениот обем на СОВЖС во одлуката;
- подготовка на решение за соодветноста на извештајот на СОВЖС за планскиот документ, и;
- воспоставување и ажурирање на листата на експерти за СОВЖС.

Органи на државната управа/единиците на локална самоуправа кои ги подготвуваат-усвојуваат планските документи согласно Законот за животната средина имаат обврска за:

- подготовка на извештајот за СОВЖС;

- објавување на информации за отпочнувањето на подготвувањето на планските документи и за учество на јавноста во процесот на консултации;
- објавување на информации за нацрт планскиот документ кој се подготвува и за предлог извештајот за СОВЖС;
- подготовка на извештајот од консултацијата со јавноста врз основа на добиените коментари и мислења од јавните консултации;
- комплетирање на извештајот за СОВЖС и на планските документи со добиени мислења и коментари, и
- мониторинг на влијанијата од имплементацијата на планскиот документ и во случај на негативни ефекти и информирање на МЖСПП.

Во овој процес Министерството за надворешни работи е одговорно за спроведување на прекугранични консултации за СОВЖС во однос на доставување на известување до соседната држава, која може да биде засегната од подготовката на планскиот документ или кога Република Македонија може да биде засегната од подготовка на плански документ во соседна држава.

1.6 Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина

Спроведувањето на Стратегиската оцена на животната средина е интерактивен процес кој треба да се спроведе паралелно со развојот на планот или програмата. Стратегиската оцена на животната средина е процес за да се осигура дека значителен ефект врз животната средина што произлегуваат од политики, планови и програми се идентификуваат, оценуваат и намалуваат. Важен инструмент за да им се помогне во постигнување на одржлив развој и креирање на политиката е Стратегиската оцена на животната средина. Посебни бенефиции во Стратегиската оцена вклучуваат:

- Поддршка на одржливиот развој;
- Да се подобрат доказите како добра основа за стратешките одлуки;
- Да се консултираат сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот;
- Да се насочат на други процеси, како што се влијанието врз животната средина на оценките врз одделни развојни проекти.

Стратегиската оцена следејќи ги одредбите за содржината на овој Извештај, ги обработува следните содржини:

– Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
– Проблеми од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите;

- Целите на заштита на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;
- Веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, здравјето на луѓето, флората, фауната, водата, воздухот, почвата, климатските фактори, културното наследство, пејсажот и материјалните придобивки. Овие влијанија вклучуваат секундарни, краткорочни, долгорочни, трајни и привремено позитивни и негативни ефекти;
- Резиме/краток преглед на причините на алтернативите, опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;
- Опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;
- Не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во претходните точки.

1.7 Резиме

Врз основа на спроведената Стратегиска оценка на животната средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга, органот е должен да ги следи ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето со цел во раната фаза да се согледаат евентуалните негативни влијанија напоредно со изработката на планската документација пред да биде прифатлива за имплементација.

2. Преглед на Планскиот документ

2.1 Основи на Планскиот документ

Основа за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга, претставуваат добиените Услови за планирање на просторот.

Изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга е во согласност со член 59 став 6 точка точка 13 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), како и член 58 став 3 точка 15 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) може да се уредуваат поединечни градби како што се други градби од локално значење од групите на класи на намени А, Б, В, Г, Д и Е што ги задоволуваат условите за поединечни градби.

Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за изградба на комплекс градби со намена викенд куќи.

2.2 Плански опфат

2.2.1 Географска и геодетска местоположба

Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга се наоѓа западно од село Мислешево, во близина на градот Струга, и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација.

Пристапот ќе се обезбеди преку дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, од источната страна на опфатот.

Границите на проектниот опфат се:

- На север поминува низ мал дел од КП 1765/1 и се движи по границите со КП 1765/111, 1765/110, 1765/109 и 1765/108 КО Мислешево-вгр,
- На исток продолжува да се движи по границата со КП 1765/108, ја сече КП 1765/1, продолжува по границата со КП 1765/21, по што скршнува лево и надолу низ КП 1765/1 и продолжува по границата со КП 1765/83 КО Мислешево-вгр,
- На југ се движи по делови од границите со КП 1765/14 и КП 2817/1 КО Мислешево-вгр,
- На запад поминува низ дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр.

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 1,64 ха (16435,50м^2).



Графички приказ Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга

2.2.2 Намена на употреба на земјиштето

Со овој урбанистички проект се планираат следните поединечни намени: А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија: трансформаторски станици.

Со изработката на овој урбанистички проект и со планираните површини за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, се планираат 301 број на жители на ниво на проектен опфат, односно во планираните градежни парцели во рамките на проектниот опфат (ГП 1.1 - ГП 1.15).

На ГП 1.16 се планира изградба на трафостаница, за потребите за снабдување со електрична енергија за планираните градби за викенд куќи и други објекти за времено сместување, во рамките на проектниот опфат.

Со изработката на овој урбанистички проект, не се планираат компатибилни и комплементарни намени.

Согласно член 113 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) се планира оградување на градежните парцели со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 м до 2,00 м, со можност за изведба на sидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м.

Во спроведувањето на урбанистичките планови оградите се поставуваат по правило во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.

Со овој урбанистички проект не се планираат: издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, ветерници или други објекти со височина поголема од 100м, кои би претставувале препреки во воздухопловството.

Проектниот опфат се наоѓа во III-д заштитна зона - урбани опфати надвор од градот и надвор од селата (културно наследство) која е утврдена во донесениот План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл. Весник на РМ" бр.45/20), во која е забрането изградба на објекти повисоки од П+3 ката и поголем процент на изграденост од 40%.

Во овој урбанистички проект, планираните градежни парцели и површини за градење се со максимална катност од П+2 и имаат процент на изграденост не поголем од 40%.

Според тоа се констатира дека се исполнети одредбите кои се пропишани со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во рамки на проектниот опфат, планирани се вкупно 16 градежни парцели, од кои 15 градежни парцели се со намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување и 1 градежна парцела со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија: трансформаторски станици.

Во рамките на градежните парцели ГП 1.1 - ГП 1.14, планирани се вкупно 14 површини за градење за викенд куќи и други објекти за времено сместување, во секоја градежна парцела по една површина за градење.

На ГП 1.15 планирани се 9 површини за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување.

На ГП 1.16 планирана е 1 површина за градење за изградба на трафостаница.

Во рамки на проектниот опфат, планирани се вкупно 23 површини за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување и 1 површина за изградба на трафостаница.

Планираните параметри од планираните градежни парцели од ГП 1.1 - ГП 1.16 се во рамките на дозволените согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25), и тоа:

ПОВРШИНА НА ПРОФЕТЕН ОПФАТ (m2)	КЛАСА НА НАМЕНА	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ВИСОЧИНА ДОГОРЕН ВЕНЕЦ(m	КАТНОСТ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (m2)	НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНИТЕ ЗА ГРАДБА	ОБЈЕКТ	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ (m2)	ВКУПНА РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (m2)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (%)	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ОБЕЗБЕДЕНА ПОВРШИНА ЗА ЗЕЛЕНИЛО (m2)	ОБЕЗБЕДЕН ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ ВО ГП (%)	ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА
УПВОУП со намена А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вер, Општина Струга														Согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)
16435,50m2	А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување	1.1	H=10.20m	П+2	1192,30m2	/	Викенд куќи и други објекти за времено сместување	432,00m2	1450,00m2	36,23%	1,22	478,37m2	40,12%	
		1.2	H=10.20m	П+2	1090,71m2			432,00m2	1450,00m2	39,61%	1,33	376,77m2	34,54%	
		1.3	H=10.20m	П+2	1211,72m2			432,00m2	1450,00m2	35,65%	1,20	497,81m2	41,08%	
		1.4	H=7.00m	П+1	659,17m2			168,00m2	336,00m2	25,49%	0,51	360,93m2	54,76%	
		1.5	H=7.00m	П+1	550,27m2			168,00m2	336,00m2	30,53%	0,61	252,03m2	45,80%	
		1.6	H=7.00m	П+1	554,18m2			168,00m2	336,00m2	30,32%	0,61	255,94m2	46,18%	
		1.7	H=7.00m	П+1	558,10m2			168,00m2	336,00m2	30,10%	0,60	259,85m2	46,56%	
		1.8	H=7.00m	П+1	792,18m2			168,00m2	336,00m2	21,21%	0,42	493,94m2	62,35%	
		1.9	H=7.00m	П+1	543,55m2			168,00m2	336,00m2	30,91%	0,62	283,55m2	52,17%	
		1.10	H=7.00m	П+1	455,31m2			168,00m2	336,00m2	36,90%	0,74	195,31m2	42,90%	
		1.11	H=7.00m	П+1	582,78m2			168,00m2	336,00m2	28,83%	0,58	284,13m2	48,75%	
		1.12	H=7.00m	П+1	604,48m2			168,00m2	336,00m2	27,79%	0,56	305,74m2	50,58%	
		1.13	H=7.00m	П+1	626,19m2			168,00m2	336,00m2	26,83%	0,54	327,34m2	52,28%	
		1.14	H=7.00m	П+1	817,74m2			168,00m2	336,00m2	20,54%	0,41	493,31m2	60,33%	
		1.15	H=7.00m	П+1	4193,28m2	1.15.1		110,00m2	220,00m2	23,61%	0,47	1474,74m2	35,17%	
			H=7.00m	П+1		1.15.2		110,00m2	220,00m2					
			H=7.00m	П+1		1.15.3		110,00m2	220,00m2					
			H=7.00m	П+1		1.15.4		110,00m2	220,00m2					
			H=7.00m	П+1		1.15.5		110,00m2	220,00m2					
			H=7.00m	П+1		1.15.6		110,00m2	220,00m2					
			H=7.00m	П+1		1.15.7		110,00m2	220,00m2					
			H=7.00m	П+1		1.15.8		110,00m2	220,00m2					
			H=7.00m	П+1		1.15.9		110,00m2	220,00m2					
	Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија: трансформаторски станици	1.16	H=4.00m	П	56,77m2	/	Трафостаница	30,00m2	30,00m2	52,84%	0,53	/	/	
16435,50m2					14488,73m2			4164,00m2	10056,00m2	28,74%	0,69			

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ ОД ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		Површини (м2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН	А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување	4134,00m2	25,15
	Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија: трансформаторски станици	30,00m2	0,18
	Поплочени површини	3984,96m2	24,25
	Сообраќајни површини	1481,17m2	9,01
	Зеленило	6805,37m2	41,41
ВКУПНО		16435,50m2	100,00


СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСИ НА ПОВРШИНИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА		ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА	
		Површина (м2)	Процентуална застапеност (%)	Површина (м2)	Процентуална застапеност (%)
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН	Неизградено земјиште	16435,50m2	100,00%	0,00m2	0,00%
	Поплочени површини	0,00m2	0,00%	3984,96m2	24,25%
	Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија: трансформаторски станици	0,00m2	0,00%	30,00m2	0,18%
	А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување	0,00m2	0,00%	4134,00m2	25,15%
	Зеленило	0,00m2	0,00%	6805,37m2	41,41%
	Сообраќајни површини	0,00m2	0,00%	1481,17m2	9,01%
ВКУПНО		16435,50m2	100,00%	16435,50m2	100,00%

3. Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:
- Улична мрежа;
- Водоводна мрежа;
- Канализациона мрежа;
- Електрична мрежа.

3.1 Сообраќајно поврзување

До градежните парцели колскиот пристап ќе се одвива преку пат од дел од КП 1765/1, КО Мислешево, од источната страна на проектниот опфат. Истиот продолжува со внатрешна пристапна сообраќајница. Апсолутна кота на терен е земена 692.62 (±0.00).



Со изработка на урбанистичкиот проект, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за предметниот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапната внатрешна сообраќајница, истото е усогласено со нивелетата на постојниот пат, како и конфигурацијата на теренот. Подолжниот наклон се движи од 0.06% до 0.27%.

Согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) за групата на класи на намена А4 - ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ потребно е да се обезбеди:
„1 паркинг место на 8 легла".

Согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) за групата на класи на намена Е - Инфраструктури, „Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и структурата на вработени, бројот, фреквенцијата и структурата на корисниците, степенот на моторизација, постоењето и капацитетот на јавен превоз, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален, за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата, како и за посетителите и корисниците на градбата - да се обезбедат

во рамки на градежната парцела, и/или на соседна градежна парцела и/или на земјиште за општа употреба".

Со овој урбанистички проект, соодветно на потребите и специфичните услови кои произлегуваат од намената на градбата, се планираат паркинг места за лесни моторни возила, во рамки на сопствената парцела. Планирани се 10 паркинг места во градежната парцела на ниво на партер и 31 паркинг места во гаражи во рамки на планираните градби. Вкупно се обезбедени 41 паркинг места за лесни моторни возила.

ВОДОВИ И ИНСТАЛАЦИИ НА ИНФРАСТРУКТУРИТЕ

Водоводна и канализациона инфраструкутра

Планираните решенија за водовод, се изработени на основа следните подлоги и податоци:

- Нивелационо решение на улиците
- Постојни технички прописи и нормативи за овој вид на објекти и инсталации.

Планираниот развој за водовод, фекална и атмосферска инфраструктура се базира на податоците и информациите добиени од ЈП Водовод и канализација Струга и од планираната комунална инфраструктура на измена и дополна на ГУП за град Струга 2007-2017, општина Струга.

Надвор од проектниот опфат постојат водоводни линии Ø80 и Ø300, како и фекална канализација Ø300.

Согласно измена и дополна на ГУП за град Струга 2007-2017, општина Струга, од новопланирана фекална канализација Ø300 се планира приклучок во парцела со Ø250 фекална канализација. Од новопланирана водоводна мрежа пвц нд 160 согласно ГУП на град Струга, се планира приклучок во градежната парцела со водоводна линија Ø300. Од новопланирана атмосферска канализација Ø 500, се планираат приклучоци во внатрешни планирани сообраќајници со мрежа на атмосферска канализација од Ø300, за одведување на атмосферските води.

Приклучокот на планираните инсталации да се изврши според важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.

Електро-енергетска инфраструкутра

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за ново предвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

Едновремената ел. моќност за градби на предметниот проектен опфат изнесува:

Pen = 454,49 kW

Врз основа на потребите на градежните парцели за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, обезбедена е една трафостаница на ГП 1.16 со поединечна намена Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија: трансформаторски станици, со површина од 30м^2,

согласно добиените податоци и информации од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, под бр. 10-25/7-387 од 06.11.2023 година.

Предвиден е новопланиран среднонапонски кабел 10(20)kV подземен вод и заштитен појас до новопланирана трафостаница објект бр. 1.16.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на документација за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН Македонија.

Телекомуникациска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телекомуникациски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телекомуникациската мрежа треба да се изведе според површината на објектот, неговата функција, број на вработени и корисници и сл.

Според добиените податоци и информации од Македонски Телеком АД Скопје нема постојни телекомуникациски инсталации во предметниот проектен опфат.

Од Агенцијата за електронски комуникации е добиена информација дека во близина на посочената локација има постоен оптички кабел кој е прикажан во соодветните графички прилози од урбанистичкиот проект.

ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ СО ХОРТИКУЛТУРА

Партерното решение на секоја градежна парцела (ГП 1.1 - ГП 1.15) за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, се состои од: сообраќајна површина во рамки на градежната парцела, паркинг место, поплочена површина за пристап до објектите и зеленило.

Партерното решение на градежната парцела ГП 1.16 се состои од: поплочена површина за пристап до објектот наменет за трафостаница. На ГП 16 не се предвидува зеленило, со оглед на предвидената поединечна намена за изградба на трафостаница.

Согласно член 166 и член 169 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25), а имајќи ја во предвид основната намена, типот и големината на градбата, во рамки на градежните парцели ГП 1.1 - ГП 1.15 планирано е приватно дворно зеленило.

Имајќи во предвид дека дел од парцелата се наоѓа во заштитниот појас на постојната подземна мрежа од 35kV, во тој дел е планирана површина само со ниско зеленило - трева. Во делот кој не е во овој заштитен појас, предвидено е високо и ниско зеленило во рамки на градежните парцели.

Утврдениот процент на озеленетост во градежните парцели кој е обезбеден со урбанистичкото решение е во согласност со Законот за урбано зеленило („Сл. Весник на РСМ” бр. 11/18, 42/20 и 224/24), според кој е потребно минимум 20% озеленетост.

4. Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина

4.1 Карактеристики на просторот

На крајниот југо-запад од Република Македонија се протега Охридско-Струшката котлина, сместена помеѓу планините Јабланица, Беличка Планина и Мокра на запад; Галичица, Петрина, Плаќенска и Илиенска Планина на исток; Стогово и нејзиниот огранок Караорман на север и ридчестиот предел Гора на југ. Котлината зафаќа површина од 103.407 ха. Струга се наоѓа на 698 м надморска височина.



Местоположба на општина Струга

4.1.1 Сообраќајна поврзаност

Иако, опколена со високи планини, Струга, односно Охридско-Струшката котлина е добро поврзана со соседните области и воедно добро пристапна.

Од Скопје до Струга може да се пристигне преку Кичево и преку Битола - Ресен - Охрид на северо-запад сообраќајно поврзана со Дебарската Котлина. На запад преку превалецот Ќафасан и долината на Шкумба е поврзана со Албанија. Во близина на општина Струга се наоѓа и Интернационален аеродром.

Струга се наоѓа во југо-западниот дел на Република Македонија и е поврзана со сообраќајниот систем на државата преку развиен систем на патни

мрежи. Општината е поврзана со патните правци према внатрешноста со Охрид, Дебар и кон Р. Албанија граничниот премин Ќафасан. Сите селски населби се поврзани со градот, поголемиот дел се со асфалтирани локални патишта, а останатите се неасфалтирани земјени патишта (Малесија и Дримкол). Градежните зафати се изведени пред подолг временски период и истите се со недоволна ширина на коловозот и во голема мера оштетени.

4.1.2 Рељефни услови, наклон и експозиција на теренот

Сместена е во подножјето на планината Јабланица, во Охридско-Струшката котлина, на северниот брег од Охридското Езеро, непосредно на местото каде се излива реката Црн Дрим од Охридското езеро. Се смета дека уште од старо време постоела мала населба под името Енхалон, од старо грчкиот збор што во превод значи јагула. Подоцна населбата го добива името Струга, што значи речен ракав, притока и тоа на место за риболов.

Струшката општина зафаќа површина од 5073 ха или 1/3 од вкупната брегова линија на езерото т.е. половина од вкупната површина на котлината. На оваа површина се наоѓа градот Струга и 50 населени места (Мислешево, Драслајца, Мороишта, Ложани, Биџево, Враништа, Долна Белица, Заграчани, Калишта, Мали Влај, Радолишта, Радожда, Франгово, Шум, Октиси, Вишни, Горна Белица, Дренок, Модрич, Глобочица, Луково, Нерези, Безево, Јабланица, Лакаица, Прискупштина, Буринец, Збжди, Локов, Присовјани, Р´жаново, Селци, Брчево, Богојци, Тоска, Делогожди, Корошишта, Ливада, Мислодежда, Ново Село, Поум, Џепин, Боровец, Лабуништа, Подгорци, Ташмаруништа, Велешта, Горно Татеши, Долно Татеши, Добовјани). Охридското подрачје ја преживеало езерската фаза. Езерскиот басен во намален обем се задржал и до денеска. Иако со спласнувањето езерото е доста намалено се уште е во полн живот. Причина за тоа е тонењето на гребенот што продолжува и денеска, а со што може да се објасни големата длабочина на езерото (286 м) поради што е едно од најдлабоките езера во Европа.

Рељефните карактеристики влијаат врз територијалниот распоред на населбите, содржините и дејностите во нив, проектирањето на сообраќајниците, распоредот на пејсажот, разместеноста на растителните заедници, па затоа при планирањето на просторот треба да се има предвид значењето на рељефот во целина.

4.1.3 Хидротехничка структура

На територијата на Охридско- - Струшката котлина се среќаваат повеќе видови води. Едни се подземни води, извори и врутоци, други протечни води, а трети природни (тектонски и леднички) и вештачки езера. Охридското Езеро е сместено во Охридската котлина меѓу варовитата Галичица на исток и Јабланичка и Мокра Планина на запад. Денешното ниво на езерото се наоѓа на 695 надморска височина, односно пониско од првобитното за 265 м. Езерото има издолжена форма. Најдолго е во правец

север - југ, од Струга до Св. Наум. Околу 40% од површината на дното на езерото се наоѓа под 200 м длабочина.

Езерото се снабдува со вода преку подземните канали низ Галичица од водите на Преспанско Езеро. Најбројните и најбогатите извори (околу 80 извори) се наоѓат меѓу Св. Наум Р. Македонија и Тушемишта, Р. Албанија, на должина од 5 км.

Во басенот на Охридското Езеро има околу 50 милијарди $м^3$ вода, а езерото има површина од 348 $км^2$.



Реката Црн Дрим е единствениот истек на Езерото. Црн Дрим е регулатор на нивото на водата во езерото. Во долината на Охридско Езеро има две вештачки езера: Глобочица и Дебарско езеро.

Од другите хидрографски ресурси поголемо значење имаат: Црн Дрим, Сатеска, Глобочичкото Езеро, Глацијалните езера на планината Јабланица, Горно Беличките и Вевчанските извори и врелото Шум.

4.1.4 Климатски и микроклиматски услови на регионот

Според географската положба на Струга, климата, односно температурите, можеме слободно да кажеме дека Струга има суптропска клима, но влијание има со своите воздушни струи и континеталната клима.

Заокружена со планински предели на запад се наоѓа Јабланица, на северо- исток Караорман и на југо-исток Галичица, како и отвореноста на Струшкото Поле по долината на реката Црни Дрим и Сатеска кон север, условиле пониски годишни температури. Максималните воздушни температури во месеците јули и август можат да варираат од 28^0Ц - 33^0Ц. Во летната сезона, односно месеците јули и август, температурата на водата може да достигне дури $26,4^0$Ц.

Просечниот број на денови со летна температура на воздухот повисока од 25 степени и на површинскиот дел на водата од езерото од 20 степени, изнесува од 73-78 денови, со најголем интензитет во јули и август. Во зимскиот период од годината средно месечните температури се над нулата.

Во планиските делови над 1600 мнв температурите пониски од 0 степени започнуваат од декември до крајот на март.

Инсолацијата во Струга и струшкиот регион е мошне висока. Во различните годишни периоди Струга има различен сончев сјај. Така на пример, од месец декември до месец август сончевиот сјај е подолг, а обратно е од месец август до месец декември. Во месеците јули и август просечната инсолација стигнува од 10 до 12 часа, со што позитивно влијае во општата клима на градот Струга. Статистичките податоци покажуваат дека во Струга и струшката котлина облачноста е најголема во декември и изнесува до 7,2 часа, а најмала во август кога се спушта 1,4 часа. Врнежите од дожд во Струшката котлина се сиромашни. Просечната количина на дожд изнесува 600-700 мм, а на околните планини достигнува од 2000-2500 мм дожд. Тој пример е планината Јабланица. Во струшката котлина годишно има 96 врнежливи денови во годината, со минимум на летните месеци. Географската положба на Струга, отвореноста на струшката котлина, планините околу градот како и близината на езерото, овозможуваат во Струга да дува ветар од сите страни. Ветровите се делат на постојани и локални. Во постојаните ветрови спаѓаат ветровите што доаѓаат од југ и од север. Ветровите од север обично доаѓаат по долината од реката Црн Дрим и носат свежина, ги има низ целиот период на годината, но најчесто во зима. Јужниот ветер дува обично во март и април, а по- ретко во мај. Јужниот ветер е погоден за лов на јагула, плашици, грунец. Локалните ветрови се производ на нееднаквото загревање на копното и езерската водена маса. Карактеристичен ветер за Охридското Езеро е ветерот Стрмец. Доаѓа од околните планини и затоа е студен, дува преку цела ноќ до изгрејсонце со тивок ветер и полн бран. Анализата на климатските сценарија покажува дека средногодишната температурата во оваа рефугијална зона за 50 години ќе се покачи во просек за 2,0°Ц. При тоа зимските температури ќе се зголемат речиси исто како просекот (2,0 за 50 години), што важи и за летните сезони. Годишните суми на врнежи ќе се намалат за 3% (50 години). При тоа врнежите ќе се намалат само во тек на летната, пролетната и есенската сезона, додека зимските врнежи ќе се зголемат. Врнежите во југозападниот регион нема да се намалат значително како во централните и јужните делови на Македонија. Овој регион се карактеризира и со најмали температурни промени во однос на цела Македонија, што укажува на значењето на езерата во регулирање на температурата во регионот. Климатските прилики, поради присуството на Охридското и Преспанското Езеро, како и клисурата на Црн Дрим се прилично константни. Под влијание на регионалните климатски промени во Охридскопреспанската рефугијална зона ќе настанат значителни промени во вертикалниот градиент на фауната со различна биогеографска припадност. При тоа, најголеми поместувања се очекуваат во однос на медитеранската

фауна, која ќе изврши силен продор на теренитe со помала надморска височина.

4.1.5 Население

Според податоците од Пописот на население спроведен 2021 година, во општина Струга има 50980 жители.

4.1.6 Стопанство

Според последните локални статистики општина Струга во 1995 година учествувала во општествениот производ на Републиката со 1,4%, додека по жител остварувала 43,5% од просекот на Републиката. Значи, во почетокот на деведесетите години од минатиот век (почетниот период на транзицијата) структурата на економијата била следна: индустријата и рударството 46%, земјоделството и рибарството со 18%, градежништвото со 2,7%, трговијата со 14,8%, угостителството и туризмот со 7,1%, занаетчиството и личните услуги со 2,2%, станбено-комуналната дејност со 4, 4%, здравството и социјалната заштита со 1, 5 и сите останати области со 3, 3%. Денес, во недостиг на локални економски статистики, груби оценки можат да се прават само врз основа на компарации на основните економски показатели во однос на националната економија и регионот на кој припаѓа општината. Така, просечната стапка на раст на БДП за периодот 1998-2002 година за Републиката изнесува само 5,2%, а за регионот во кој припаѓа општината (Југо-западен регион) растот изнесува само 2,8%. Исто така, за регионот, БДП по жител изнесува 4192 американски долари и како таков е понизок од просекот на земјата за 39%, што е особено значајно просечната годишна стапка на додадена вредност од не- финансискиот сектор во периодот 1998-2002 година е негативна и изнесува- 1,1% во споредба со републичкиот просек од 3%.

Поегзактни анализи за локалната економија можат да се вршат само врз база на податоците за бројот на деловните субјекти според видот и секторите на дејност и според податоците за вработеноста во општината.

4.1.7 Хидротехничка инфраструктура

На територијата на општина Струга има една ХЕЦ Глобочица која е составен дел на Акционерско Друштво за производство на електрична енергија во државна сопственост Електрани на Македонија Скопје.

Основна дејност на подружницата е производство на електрична енергија. ХЕЦ Глобочица е изградена во периодот 1961-1965 година и ги користи водите од сливот на реката Црн Дрим преку акумулацијата Глобочица. Машинската зграда во која се сместени агрегатите, командната просторија, помошните погони и разводните постројки се наоѓа на околу 30 км од Струга.

Водоснабдување

Водоснабдувањето на граѓаните на општина Струга, одведувањето на урбаните и индустриските води и пречистување на тие води во пречистителна станица за отпадни води ги врши меѓу-општинското Јавно Претпријатие Проаква.

Вкупната должина на водоводната мрежа изнесува 120.000 м и 8 резервоари со вкупна запремнина од 2.210 м^3.

Снабдувањето со вода се врши со зафаќање на повеќе извори сместени во пазувите на планината Јабланица. Овие извори располагаат со здрава и квалитетна вода за пиење.

За санитарната исправност на водата се грижи екипа на Проаква која врши перманентна дезинфекција на водата со гасовит и течен хлор.
Контрола на исправноста на водата за пиење врши Републичкиот завод за здравствена заштита од Охрид.

4.1.8 Културно-историско наследство

Како најзначајни во групата на антропогените туристички мотиви се културно-историските туристички мотиви. За културната историја на Струга и Струшко се сретнуваат траги уште од неолитот. Откриените артеофакти во крајбежието на реката Дрим и на самото крајбрежие на езерото, покажуваат дека од неолит наваму Струга била населба.

Од подоцнежниот период, за грчко-римската епоха податоците покажуваат дека во Струга и Струшко се развивало интензивен културен живот одбележан со остатоци на делови од познатата Римска трговска комуникација Виа Игнација.

Од ранохристијанскиот период од посебно значање се базиликите во с. Радолишта и с. Октиси, а од предримскиот период некрополата во с. Делогожда.

Интересни и доста ретки се и пештерските цркви кои ги има во Струшкиот регион.

Културниот живот кои се одвивал во турскиот период исто така оставил свои траги во Струга и Струшко. Во Струга има исламски световни и религиозни архитектонски градби, изградени за време на Отоманската Империја во Македонија.

Во групата на културно - историски мотиви покрај споменативе, треба да се споменат и спомениците на културата и спомен обележјата, институциите од областа на културата, музеите, галериите, културните манифестации, литературните, музичките и уметничките творби.

При Центарот за култура Браќа Миладиновци во Струга работи и Народната Библиотека Браќа Миладиновци.

Значајни културни институции се Спомен куќата на Браќата Миладиновци, Уметничката галерија на Вангел Коџоман, Природно Научниот Музеј Др. Никола Незлобински.

Најпозната манифестација е Светскиот фестивал Струшки Вечери на поезијата кој традиционално се одржува секоја година од 25-29 август.

Неговите почетоци се од 1961 година по повод 100 годишнината од смртта на Браќата Миладиновци кога е издаден и нивниот Зборник.

Од останатите културни манифестации позначајни се: Струшка Музичка есен, Ревија на народни носии, Кенгејехо, Гоцеви денови, Македонски Духовни Конаци кои традиционално се одржуваат секоја година. На просторот на Охридско - преспанскиот регион вкупниот број на досегазаштитени недвижни добра, односно добра со заштитен статус на културнонаследство изнесува 237, од кои најголем број се објекти од старограднска архитектура 133. Согласно Законот за заштита културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели. Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа воруралните населби и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На просторот на Охридско-Преспанскиот регион вкупниот број на досега заштитени недвижни добра, односно добра со заштитен статус на културно наследство изнесува 237, од кои најголем број се објекти од старограднска архитектура 133.

Согласно донесениот План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл. Весник на РСМ" бр. 45/20), проектниот опфат се наоѓа во III-д заштитна зона - урбани опфати надвор од градот и надвор од селата (културно наследство).

4.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат

Основен предуслов за идентификација на проблемите со животната средина и поставување на стратешки цели за надминување и унапредување на истите е идентификацијата и оцената на сегашната состојба со медиуми на животната средина (воздух, вода, отпад, почва, биодиверзитет, бучава), како и со користењето на земјиштето и природните ресурси во општината.

Со оглед на тоа што во планираниот простор до сега не се вршени мерења, следења и истражувања на основните витални компоненти воздухот, водата, тлото, бучавата и тврдиот отпадок, пореметувањата во екосистемот во целост не можат да се откријат, а оценката за состојбите произлегува исклучиво од дејстувањето на човекот и неговите активности во овој простор.

Воздух

Квалитетот на воздухот е еден од поважните чинители на кои треба да се внимава при планирање на просторот заради спречување на деградација на истиот со имплементација на планскиот документ. Санитарната состојба на воздухот не е нарушена бидејќи во анализираниот простор не постојат изразити загадувачи.

Сепак, при анализа на состојбата на квалитетот на воздухот во општина Струга земени се во предвид расположливите податоци за потрошувачката на енергија во индустријата, домаќинствата, јавните и комерцијалните објекти, состојбата на сообраќајот - застареноста на возниот парк, авионскиот сообраќај, податоците од националната мрежа за следење на квалитетот на воздухот, влијанието врз човековото здравје и мерките што се превземаат за намалување на загадувањата.

И покрај тоа што констатираната состојба со квалитетот на воздухот е на задоволително ниво, сепак е потребно постоење на мониторинг станици, лоцирани на територијата на општината за следење на емисиите од загадувачки материи во воздухот, со што навремено би се реагирало доколку дојде до зголемување на нивните концентрации над дозволеното, а во согласност со содветниот и потенцијален индустриски развој и зголемување на авионскиот сообраќај во општината во следните години.

Загадувањето на воздухот доаѓа како резултат на емисии на загадувачки супстанции од стационарните и мобилните извори, преку одвивање на хемиско-технолошките процеси, био-хемиските процеси и процесите на согорување на горивата. Дистрибуција на загадувачките супстанции во околината и појава на зголемување на нивната концентрација со тек на време во воздухот и влијанието на квалитетот на воздухот врз живиот свет се исто така важни чинители во одредувањето на состојбата на квалитетот на воздухот.

Во сегашни услови, основни загадувачи се: застарениот возен парк на населението и правните субјекти во општината, како и загадувањето од користење на нафтата, нејзините деривати и дрвото како енергетски ресурси во домаќинството.

Имајќи ги во предвид бројот, типот и капацитетот на застапената индустрија и другите деловни субјекти во општина Струга, како и бројот на возила и интензитетот на патниот и авионскиот сообраќај, како и употребата на нафтата, нејзините деривати како енергетски ресурси, генерално може да се каже дека аерозагадувањето е во рамки на дозволените концентрации на загадувачки супстанции во воздухот.

Вода

Водоснабдувањето на граѓаните на општина Струга, одведувањето на урбаните и индустриските води и пречистување на тие води во пречистителна станица за отпадни води ги врши меѓу-општинското Јавно Претпријатие Проаква. Вкупната должина на водоводната мрежа изнесува 120.000 м и 8 резервоари со вкупна запремнина од 2.210 м^3. МЈП Проаква им испорачала на граѓаните на општина Струга 1569212 м^3 вода и тоа на претпријатија 413296 м^3, а на домаќинствата 1155916 м^3. Снабдувањето со вода се врши со зафаќање на повеќе извори сместени во пазувите на планината Јабланица. Овие извори располагаат со здрава и квалитетна вода за пиење. За санитарната исправност на водата се грижи екипа на Проаква која врши перманентна

дезинфекција на водата со гасовит и течен хлор. Контрола на исправноста на водата за пиење врши Републичкиот завод за здравствена заштита од Охрид.

Отпадните води кои се создаваат во домаќинствата и индустријата со секундарни канализациони мрежи се испуштаат во примарниот колектор и доаѓаат во пречистителна станица за отпадни води каде се прочистуваат до одреден степен и се испуштаат во реката Црн Дрим. На подрачјето на општина Струга има една збирна пречистителна станица и шест пумпни станици во вкупна мрежа од 14 км. Со колекторскиот систем не е покриен само потегот од населбата Елен Камен до село Радожда. Збирната пречистителна станицата може да прифати и опслужи 40 000 $м^3$ вода на ден. Со примарниот колектор во пречистителната станица за отпадни води се транспортираат 941566 $м^3$ отпадни води годишно. Квалитетот на испуштените води се следи во лабараторија сместена на пречистителната станица и одговара на стандардите пропишани од Европската Унија за квалитет на пречистени отпадни води кои се испуштаат во природни водотеци. Вкупната должина на канализационата мрежа изнесува 1.268.553 $м^3$. Со канализација се одведуваат 872950 $м^3$ годишно или 55,6% од пласираната вода и тоа на претпријатија 297562 $м^3$, а на домаќинствата 575389 $м^3$.

Отпад

Отпадот од општина Струга организирано се подига од службите на ЈП Комунално. Во селските населби отпадот самоиницијативно се одлага при што се создаваат диви депонии. Општина Струга нема постојана депонија каде би се депонирал отпадот. Постои само привремена депонија која се наоѓа во непосредна близина на градот. Привремената депонија не ги задоволува елементарните санитарни стандардни прописи. Депонијата ја нема потребната инфраструктура (вода, електрична енергија) и нема средства за дезинфекција и јама за угинати животни. Индустрискиот и медицинскиот отпад исто така се депонира во привремената депонија. Отпадот нема никаков технички третман туку само се нивелизира и затрупува со земја и песок.

Растителен и животински свет

На подрачјето на општина Струга, шумскиот фонд е застапен на релативно големи површини. Вкупната дрвна маса на шумите во општина Струга се проценува на 1.962160 $м^3$, со вкупен годишен прираст од 38947 $м^3$. Ј.П. Македонски Шуми ШС Јабланица стопанисува со вкупно површина од 23787 ха, од кои 21511 ха или околу 90,5% се наоѓаат во државна сопственост, додека 2276 ха или 9,5% се во приватна сопственост. Во однос на квалитетот, околу 30,4% од шумите со кои стопанисува ШС Јабланица-Струга се високостеблести, а 69,9% се нискостеблести. Според намената 100% од шумите се од стопански карактер.

Охридското Езеро претставува голем потенцијал за развој на риболовот во општината, но неконтролираниот лов во минатото доведе до

драстично намалување на рибниот фонд од бели риби (пастрмка, белвица) и јагула кои претставуваат главен улов од езерото. Во сила е забрана за лов на овие риби, но и покрај забраната овие риби се ловат од езерото. Бројот на регистрирани риболовци изнесува околу 30, но бројот на лица кои ловат риба без дозвола е многу поголем. Реката Сатеска постојано донесува мил и наслаги кои се таложат и ги загрозуваат мрестилиштата од пастрмката на Струшкиот дел на езерото со што придонесува за нејзино повлекување и исчезнување од овој дел на Езерото. Покрај пастрмката во езерото егзистираат и крапот, плашицата, мренката, кленот, грунецот, скобусот и др. Во општина Струга функционира и вештачко мрестилиште за пастрмка кое се наѓа во селото Шум. За риболовот карактеристични се и регионите по текот на реката Црни Дрим и Глобочичкото Езеро. На територија од општина Струга има со 4 ловишта кои се протегаат на површина од околу 35000 ха. Дивеч кој најчесто се среќава е дивата свиња и прелетниот дивеч, а исто така има и мечка, срна и рис кои сезаштитени со закон и се забранети за лов. Во рамките на ловиштата функционира и репроцентар кој е солидна база за обнова на ловниот фонд. Стопанисувањето на ловиштата е дадено под концесија.

Како резултат на флуктуациите на нивото на водата, може да се видат само фрагменти од флотантната макрофитска вегетација. Сепак, негативните последици по биодиверзитетот во езерото, а особено во околните блата и мочуришта се антропогено предизвикани. Така на пример, за време на големата суша, Охридското Езеро не покажа значаен пад а нивото како Преспанското и Дојранското. Напротив, блатата се мелиорираат или уништуваат за изградба на населби или туристички објекти од страна на човекот.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ" бр. 39/04), на предметната локација нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство, но се наоѓа во близина на заштитен споменик на природата Охридско Езеро:

Споменик на природата ОХРИДСКО ЕЗЕРО

Во Охридското Езеро заради географската изолираност и поволните хидрографски услови, зачувани се и во него живеат околу 146 видови ендемични организми. Еден дел од нив претставуваат живи фосили речиси неизменети од времето на терциер наваму - ендемскиот сунгер, реликтните видови полжави (над 27) од кои 86% се ендемични, неколкуте реликтни видови глисти, охридската пастрмка (Salmo letnica), белвицата (Acantolingua ochridana) и др. видови риби со ендемски карактер како и поголем број реликтни видови алги меѓу кои најбројни се дијатомеите. Заради ваквото богатство со природни вредности, Охридското Езеро во 1979 година е внесено во Списокот на светското наследство како природно добро, а во 1980 година поради значајните културно-историски вредности во поширокиот простор тоа е номинарано и како Охридско природно и културно - историско подрачје.

Површината на езерото изнесува 23000 ха.

Важи за едено од најзначајните туристички знаменитости во Македонија и со културно историско значење од светски размери; научно-истражувачки зоолошки објект и со посебни геоморфолошки и хидролошки вредности; објект со многустрана биолошка намена; биотоп на слатководна фауна и орнитофауна.

Според меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources - IUCN) има меѓународен статус III категорија.

Предметната локација се наоѓа во опфатот на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион („Сл. Весник на РМ" бр. 75/10), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвеницја.

Меѓународен статус: IUCN III - Споменици на природата

Овие категории обично содржат една или повеќе специфични природни обележја со извонредно национално значење, кои поради единственоста и реткоста, мораат да бидат заштитени. Овие специфични карактеристики за да бидат идеално заштитени треба да бидат ослободени од нарушувањата создадени со човечките активности или тие активности треба да бидат сведени на најмала можна мера, т.е. не треба да постои евиденција на такви активности. Овие области не се по големина одредени доколку содржат различност на карактеристики или репрезентативни екосистеми кои ќе ги оправдаат нивните вклучувања како национален парк. Големината не е значаен фактор, овие области треба само да бидат доволно големи за да го заштитат интегритетот на положбата. Иако оваа категорија може да има рекреативна и туристичка вредност, треба да биде управувана така, за да биде релативно ослободена од човековото вознемирување.

Овие области може да ги поседуваат или управуваат две централи или други државни владини агенции или организации толку долго колку е потребно да се осигура дека ќе бидат уредени кон заштита на нивните важни карактеристики за подолг период.

Заштитни режими, согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на Република Македонија (2004 година) - Студија за заштита на природното наследство:

РЗ 2: Режим на заштита за површински геоморфолошки споменици

Ограничувања:

Согласно правилата треба да биде забранета секоја дејност која би го обезвреднила, оштетила или уништила споменикот и би му ја изменила неговата своевидност, која посебно се однесува на:

- градежни работи (градење патишта и инфраструктурни објекти), откопување или засипување на теренот, во потесното подрачје на споменикот на природата;
- градење на сите видови градби во потесното подрачје на споменикот на природата;

- поставување или полагање на површински енергетски водови на потесното подрачје на споменикот на природата (на пр. електрични водови, гасоводи, нафтоводи, телефонски водови итн.);
- копање или стопанско искористување на рудните богатства на потесното подрачје или споменикот на природата;
- фрлање отпадоци на поширокото или потесното подрачје на споменикот на природата;
- поставување рекламни или други видови табли, знамиња или светлосни натписи на поширокото подрачје на споменикот на природата;
- сокривање или нарушување на поважните видици на споменикот со нови градби, огради, антени, жичани водови итн. на поширокото или потесното подрачје на споменикот;
- изведување на екскурзии, спортови (на пр. качување по карпести обелисци) кои се опасни за извршувачот, но и за природниот споменик.

По исклучок и по претходна согласност на соодветната служба за заштита можно е:

- да се уреди споменикот на природата за посета на јавноста (да се изградат на пр. врвици и патишта за посетителите, видици, одморалишта, да се направат огради, табли со известувања или забрани итн.);
- отстранувањето на вегетацијата поради подобар изглед на споменикот на природата (на пример: кастрење дрвја и грмушки што го запираат видикот кон споменикот) итн. такво научно истражување, кое би можело да ја загрози карактеристиката на споменикот на природата (на пр. земање на камени узорци, сондирање на теренот итн.);
- поставување на спомен табли на поширокото подрачје на споменикот на природата.

РЗ 4: Режим на заштита за хидролошки значајни подрачја

Ограничувања:

Во хидролошки значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- загадување на водата (директно испуштање на канализациска, технолошка и атмосферска отпадна вода);
- искористување на хидроенергетскиот потенцијал на водата (изградба на брани, вештачки езера, хидроенергетски објекти и друго);
- менување на природната температура на водата (употреба на водата за ладење на енергетски или индустриски објекти);
- менување на составот на водата (промена на Пх, количеството на органски или неоргански материи);
- менување на водниот режим (времено или континуирано одземање или додавање вода);
- поголеми регулациски градежни работи (промена на насоката, обликот или длабочината на коритото, градење на прагови,

утврдување на брегoвите со зидани или бетонски насипи, градење на водени пречки итн.);

- изградба на нови содржини (објекти за домување, инфраструктурни објекти и друго);
- да се ограничи пристапот до водата доколку тоа не е од заштитни причини;
- фрлање на отпадоци во коритото, на брегот или во непосредната близина на водата;
- возење со моторни чамци (освен со електрични мотори).

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- изградба на сообраќајна инфраструктура;
- менување на крајбрежната вегетација (проредување и сечење на дрвја и грумушки, засадување на брегoвите итн.);
- внесување на животински или растителни видови во водата или на крајбрежјето;
- експлоатација на нанос, песок или калиште од крајбрежјето или од дното на коритото, изведба на помали регулациски, градежни работи (чистење на дното на определени делови итн.).

Забелешка:
Наведените ограничувања не важат за постојната состојба која можеби не е во склад со заштитениот режим, освен ако тоа не е во одделни примери наведено.
Дозволено е:

- возење со чамци и едрење;
- посетување и задржување (шетање, капење, сончање) околу водата доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов (во согласност со прописите за рибарство);
- научно истражувачки активности на водената фауна и флора.

РЗ 5: Режим на заштита за ботаничко значајни подрачја
Ограничувања:

Во ботаничко значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- менување на растителниот состав на подрачјето (отстранување или менување на вегетацијата);
- менување на водниот режим (времено или континуирано одземање или додавање вода);
- менување на составот на водата (промена на pH, количеството на органски или неоргански материи);
- отстранување на земјата или каменитата подлога на водотеците, засипување, фрлање на отпаден материјал итн., менување на киселоста или алкалноста на почвата;

- ископување, берење, оштетуваат или кршење на растенијата, или уништување на вегетациските формации кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- собирање на семиња и плодови на растенијата кои се предмет на заштита;
- други активности на постојниот локалитет кои имаат штетно влијание врз растенијата или вегетациските формации, кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- изведување на мелиорациски или регулациски активности кои ќе имаат негативно влијание на потесното подрачје;
- загадување на површински или подземни води;
- загадување на воздухот со прашина и загадувачки супстанции.

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- земање на примероци од природните богатства (растенија, нивните семиња или плодови) за научно-истражувачки и воспитно образовни цели.

Забелешка:

За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.

Дозволено е:

- стопанско искористување на природните богатства, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита (косење, пасење, обработка на земја, шумско искористување итн.);
- лов, доколку не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов, доколку не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- посета на локалитетот и фотографирање на растенијата, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита.

РЗ 7: Режим на заштита за зоолошки значајни подрачја

Ограничувања:

Во зоолошки значајните подрачја и во нивната непосредна близина не се дозволени активности кои ги загрозуваат нивните обележја и вредности, заради кои се заштитени како природно наследство:

- изведување на активности кои ќе предизвикаат промени во животните услови на потесното подрачје (отстранување на вегетација или промени во вегетациската структура, изведување на земјени работи, отстранување на каменести или земјени подлоги, промени на нивото на површинските и подземните води, фрлање на отпад и друго);
- собирање, ловење на животни (возрасни примероци или нивните развојни форми);

- оштетување или уништување на гнезда или места каде што животните се размножуваат или здружуваат;
- изведување на активности кои предизвикуваат бучава и вибрации;
- вештачко осветлување на животните, нивните гнезда, живеалишта, засолништа и места каде што се хранат или размножуваат;
- други штетни влијанија на животните кои се предмет на заштита (наведени во описот на заштитеното подрачје);
- изведување на мелиорациски или регулациски активности кои ќе имаат негативно влијание на потесното подрачје;
- загадување на површинските и подземните води;
- загадување на воздухот со прашина и загадувачки супстанции.

По исклучок и по претходна согласност на субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје можно е:

- земање на примероци од природните богатства за научно-истражувачки и воспитно образовни цели.
- набљудување, фотографирање или снимање на животните.

Забелешка:
За спроведување на научно истражување во природата, на територијата на заштитено подрачје, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата издава дозвола, во соработка со субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје. Спроведувањето на научното истражување во природата на територијата на заштитено подрачје се врши по претходна најава до субјектот задолжен за управување со заштитеното подрачје.
Дозволено е:

- стопанско искористување на природните богатства на подрачјето, доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита (косење, пасење, обработка на земја, шумско искористување итн.);
- лов, доколку не се однесува на видовите кои се предмет на заштита и доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита;
- риболов, доколку не се однесува на видовите кои се предмет на заштита и доколку истото не е во спротивност со примарните цели за заштита.

Биолошка разновидност и природно наследство

Клучни проблеми во однос на биолошката разновидност се:

- Идентификуваните несоодветности во управувањето со природното и културно светско наследство, од страна на мисија на УНЕСКО, презентирани во Извештајот од последната мисија;
- Низок степен на спроведување на постојните законски прописи со цел спречување на понатамошна незаконска градба во заштитените подрачја;
- Недостаток од детален преглед на сите бесправни градби во заштитеното УНЕСКО подрачје и спроведување на СОЖС/ОВЖС;

- Не донесување на релевантни плански документи: План за управување со светско природно и културно наследство, урбанистички планови, Стратегија за туризам врз основа на Универзална вредност на подрачјето;
- Неконтролирано уништување на подрачјето на трска со сечење, палење, корнење, за различни цели како добивање обработливи површини, плажи, хотелски комплекси, депонирање на земја и градежен шут итн.;
- Не се применуваат стандарди за планирање на зеленило по глава на жител и отсуство на систем за интегрирање на податоци во врска со зеленилото, со цел подобро донесување на соодветни мерки и одлуки;
- При воспоставување нови зелени површини, не се користат автохтони видови прилагодени на локалната клима;
- Охридското Езеро е реципиент на отпадни атмосферски води и отпадни комунални води од кои дел воопшто не се пречистуваат;
- Ерозивни наноси од речните сливови во езерото;
- Голем број плажи и хотелски комплекси на/во близина на охридското крајбрежје и големиот број туристи во туристичката сезона;
- Голем број бесправно изградени објекти во крајбрежната заштитна зона на Езерото;
- Отсуство на активностите за подигање на јавната свест за значењето и улогата на другите заштитени подрачја во регионот насочени кон граѓаните.

Граници на заштитните зони на природното наследство во Охридскиот Регион

Заради подобро управување и одржување на исклучителната универзална вредност, односно контрола врз одредени активности што можат да извршат негативни влијанија, воспоставени се три заштитни зони, а секоја од нив содржи соодветни подзони. Овие подзони се воведуваат за да се рефлектираат посебните мерки за заштита што се применливи во овие зони.

Првата заштитна зона се формира во појас од 50м сметано од границата на катастарска парцела 1/1 (КП Охридско Езеро) и има три подзони (Ia, Iб и Iв).

Втората заштитна зона има две подзони (IIа - се формира на подрачјата зафатени со рипариски живеалишта и IIб) - ги зафаќа природните и полуприродните живеалишта над 866 мнв.

Третата заштитна зона е формирана на деловите под кота 866 мнв, односно зафаќа простори што се наменети за непродуктивни намени или главно се користат за земјоделско производство.

Границите на зоните за заштита воспоставени во заштитените подрачја (пр. Националниот парк Галичица, спомениците на природата - Охридското Езеро и Студенчишкото Блато) се преземаат во целост и се применливи мерките/режимите за заштита што се веќе воспоставени во

согласност со соодветните планови за управување донесени врз основа на Законот за заштита на природата.

Согласно План за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029) Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга се наоѓа во третата заштитна зона, односно III-д.

Третата заштитна зона ги опфаќа просторите со непродуктивна намена (населби и друго градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми), што се застапени меѓу котата 866 мнв и надворешната граница на првата заштитна зона. Во оваа зона ќе се овозможи развој на населбите, туризмот и инфраструктурата, но ќе се дефинираат посебни услови.

Забранети активности во заштитната зона III-д:

- интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат;
- изградба објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 40%;
- реконструкција на легално изградените станбени објекти во постојниот габарит;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Во делот културно наследство објектот се наоѓа во Зона III - д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата) каде постојат низа посебни заштитни мерки со пропишан режим на заштита кој треба да се почитува при изработката на планската документација.

Бидејќи предметот се однесува на подрачје заштитено од УНЕСКО вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно член 71 од Законот за заштита на културно наследство). Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокиите подрачја и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива Закон за заштита културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Бучава

Во Струшкиот регион изворите на создавање на бучава не се од таков вид да овој проблем во животната средина претставува значителна закана за здравјето на луѓето.

Проблемот на бучавата на просторот на општината не е изразито присутен, освен за време на туристичката сезона.

Бучавата произлегува од урбаните активности и тоа:

- Сообраќај;
- Производни и деловни процеси;
- Бучава од ентериерно потекло (стамбени згради, трговско деловни центри и сл).

Бучавата не преставува сериозен проблем во општината.

4.3. Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат

Проблемите со животната средина во општина Струга и предметниот опфат, беа идентификувани преку анализа на постоечката состојба со животната средина каде се евидентирани клучните проблеми и предложени се мерки во облик на Акционен план за нивно надминување.

Најосетливи елементи на животната средина во предметниот опфат (Елементи на СОЖС)					
Води	Воздух	Отпад	Климатски фактори	Население	Материјални добра

Проблемите со генерирање на отпадот се разгледуваат како влијание врз површинските и подземните води, влијание на загадувањето на почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и создавањето на стаклени гасови (климатски промени).

Врз основа на евидентирање на најосетливите елементи на животната средина во планскиот опфат кои се нарекуваат и елементи на Стратегиска оцена на животната средина (Елементи на СОЖС) се воспоставуваат цели на стратегиска оцена на животна средина (Цели на СОЖС) и се дефинирани можни индикатори за секоја цел.

Во процесот на Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина важно е да се види како, на кој начин, со која јачина и интензитет целите на планскиот документ влијаат врз целите на СОЖС со цел да се предвидат мерки за спречување на влијанијата и да се предложи соодветен план за мониторинг на индикаторите за секоја цел на СОЖС.

На следната табела се прикажани сегашните проблеми со елементите на животната средина:

Елементи на Стратегиската оцена на животна средина	Проблем	Релевантно опфтен проблем
Воздух	Нарушен квалитет на воздухот од постоење на интензивна емисија од употреба на дрва како агенс за затоплување, зголемен сообраќај Не користење на обновливи извори на енергија	x
Вода	Нарушен квалитет на подземните води од постоење на септички јами Недоволно планирање на промените во намената на земјиштето	x x
Отпад	Постоење на диви депонии	x
Почва	Нарушен квалитет на почвата како резултат за исталожување на аероседименти Деградација на почвите	x x
Предел	Деградирани предели	x
Население	Појава на миграција Невработеност	x x
Климатски фактори	Користење на огревно дрво за затоплување	x
	Не користење на обновливи извори на енергија	x

Сегашните проблеми со елементите на животната средина

5. Состојба без имплементација на планскиот документ

При реализација на Планскиот документ за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга, се разгледува опцијата без да се спроведе планска активност, односно работите да останат во првобитната положба.

Во конкретниов случај доколку овој план не се спроведе, се очекуваат следниве последици:

- Појава на некомпатибилни дејности;
- Земјиштето и понатаму ќе остане земјиште со помала економска вредност;
- Неконтролирана изградба на бесправни објекти;
- Нарушување на квалитетот на медиумите во животната средина;
- Интензивно загадување со отпадни материи (цврст, комунален и други видови отпад) и постоење на диви депонии;
- Интензивно загадување на подземните води и почвата;
- Нема услови за создавање на поволен економски амбиент за одржлив економски и еколошки развој на подрачјето - регионот;
- Намалени приходи во буџетот;
- Отсуство на инвестициони вложувања;
- Нарушено здравје на населението;
- Зголемени социјални трошоци;
- Намалена можност за вработување;
- Пораст на економската миграција;
- Не се создаваат услови за искористување на обновливите извори на енергијата (соларната енергија);
- Не се создават услови за развој на туризмот;
- Намален животен стандард и
- Не се создаваат услови за економски и одржлив развој.

Доколку не се реализираат предвидените решенија во рамки на планскиот опфат ќе се испушти можноста за економски-одржлив развој и промоција на локацијата како атрактивна туристичка дестинација.

6. Алтернативи и чинители за избор на алтернатива

Реализацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга е од особено значење за реализирање наменски содржини и функционална операционализација за развој на планскиот опфат и општината.

Од особено значење за изготвување на Стратегиската оцена, а воедно и стандардна постапка е да се изанализира варијантата, односно опцијата од неспроведување на планското решение со што состојбата би останала во првобитната состојба. Во тој случај се очекува дека фактичката состојба на теренот воопшто нема да се промени и економската пасивност ќе продолжи.

Овие аспекти се земаат со цел да се изнајде најповолното решение кое ќе придонесе за заштитата на животната средина и здравјето на човекот. За овој плански опфат не се разгледувани алтернативни решенија за друга намена.

Со изработката на планските решенија од Урбанистичкиот проект просторот добива нова можност за урбанистичка разработка и реализација.

При подготовката на планското решение е разгледувана алтернативата за неспроведување на планското решение со што состојбата во животната средина би останала под влијание само на природните фактори. Во овој случај се очекува моменталната состојба на теренот воопшто да не се промени, а економската пасивност и понатаму да продолжи.

Во случај на нереализирање на планските решенија на анализираното подрачје се очекува:

- Постојниот социјално-економски статус на населението во поширокото подрачје и понатаму да стагнира;
- Трендот на миграција на населението кон поразвиените урбани центри и понатаму да продолжи;
- Намалување на вредноста на земјиштето;
- Узурпација на просторот со дивоградби и други непланski и некомпатибилни содржини, а со тоа и деградација на пределската разновидност на подрачјето;
- Непланско и неорганизирано уредување на просторот со што негативно ќе се одрази врз медиумите во животната средина.

Реализирањето на планските решенија со избраната намена во просторот ќе овозможи искористување на поволната географска положба на локацијата, искористување на поволните микроклиматски услови и добрата поставеност во однос на сообраќајната поврзаност со околните населени места, зголемување на атрактивноста на просторот преку изградба на содржини кои се вклопуваат во пределот и подобрување на туристичката понуда и квалитетот на живот на локалното население.

Со реализација на овој план се овозможува локацијата да прерасне како единствена просторна и функционална целина која ќе даде голем

допринос за развојот на локалната и национална економија, истовремено имајќи го за цел анимирањето на интересот на разни инвеститори за реализација на предложената програма за развој на туризмот како ориентација во актуелните економски тенденции на државата.

Активирањето на овој простор ќе овозможи одржлив развој на повеќе дејности, кои ќе продуцираат економски ефекти не само во областа на туризмот и угостителството, туку и во останатите дејности непосредно поврзани со изработката и ефектуирањето на урбанистички решенија и тоа: проектирањето, градежништвото, комуналните дејности, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, јавните функции и др.

Непосредниот ефект кој ќе произлезе со реализацијата на предложениот Урбанистички проект ќе се рефлектира врз зголемено ангажирање на расположливата работна сила преку нови вработувања во дејностите предвидени со планските содржини, односно позитивен кумулативен ефект врз социо - економската компонента и одржлива и интегрирана заштита на животната средина, што се одсликува преку:

- Социјална, економска и просторна кохезија во рамки на регионот, со оптимално користење на неговите специфични особености;
- Реализација на целите за заштита на животна средина релевантни за планскиот документ, преку примена на мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај;
- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот;
- Заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси преку нивно одржливо користење, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни води од страна на самите субјекти;
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово селектирање и повторно искористување и отстранување на прифатлив начин согласно законските решенија;
- Рамномерен и одржлив просторен развој, рационално уредување и користење на просторот;
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Зачувување и заштита на компонентите на биолошката и пределската разновидност и
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

Треба да се има во предвид, дека целите на планскиот документ за одржлив економски развој со своите пропратни содржини и неопходната инфраструктура, во еден дел може да биде во конфликт со животната

средина и тоа би било изразено преку краткорочни негативни влијанија во фазата на изградба (аерозагадување, бучава, создавање на отпад) и долгорочно трајна промена на дел од пределските карактеристики. Поради ова, во Урбанистички проект се предложени мерки за заштита на медиумите од емисија на отпадни материи, од емисија на бучава, генерирање на отпад, различни непогоди и хаварии. Исто така, како составен дел на Извештајот за Стратегиска оцена се презентирани дополнителни мерки за спречување, намалување или ублажување на негативните влијанија врз животната средина од реализацијата на целите на планскиот документ.

Со реализирање на планскиот опфат се очекуваат и позитивни аспекти во делот на можноста за користење на обновливи извори на енергија, поволна диспозиција во однос на развојот на сообраќајната и комуналната инфраструктура, што е во функција на развојот на туристичката понуда.

7. Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина

Појавите кои како претпоставка може да се јават од имплементацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга, може да се анализираат од негативен и позитивен аспект. Извештајот за Стратегиска оцена ги зема во предвид влијанијата врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето како и влијанијата врз социо-економските можности во општина Струга.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина не ги анализира поединечните развојни проекти, туку влијанијата врз медиумите на животната средина од глобален аспект. Значи, со извештајот се прави само проценка на можните негативни влијанија врз животната средина, додека во подоцнежните фази, преку Студиите за оцена на влијание врз животната средина или Елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска на основа на укажаните ризици се прават детални анализи и препораки.

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Влијание врз демографскиот фактор

Иницијативата на создавање на нестопански капацитети ќе има позитивно влијание на руралните населби во непосредната околина и ќе претставува движечка сила за побрз и порамномерен одржлив развој на истите. Тоа ќе влијае посредно и на вкупниот одржлив општествено-економски и урбан развој во регионот, односно поширокота околина. Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга ќе има

позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и негово одржливо користење и се разбира економски ефекти манифестирани преку отварање на нови работни места, едуцирање на нови квалитетни стручни кадри, неопходни во процесот на создавање на нова работна сила и нејзино вклучување во економскиот и општествен живот, како на локално, така и на регионално и на национално ниво. Тоа е важно со земање во предвид дека во општината Струга на чиј простор се наоѓа предметната локација, претставува расположива работна сила, што е значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Реализацијата на предвидената содржина од планскиот опфат, не само што ќе влијае врз намалување на економската миграцијата на локалното население, туку ќе претставува и позитивен стимул за демографскиот развој, како и зголемување на наталитетот на долгорочна основа. Инвестиционите вложувања за реализација на оваа планска содржина ќе значат зголемување на животниот стандард и квалитетот на живеењето, како и привлекување на нови инвестиции од страна на бизнис секторот, односно на создавање на поволен и одржлив економски амбиент.

Инвестиционите вложувања за реализација на предвидените плански содржини ќе значат зголемување на животниот стандард и квалитетот на живот во непосредната околина.

Влијание врз човековото здравје

Заради намената на објектите не се очекува истиот да предизвика негативни влијанија врз здравјето на локалното население. Во однос на влијанието врз човековото здравје не се очекуваат влијанија имајќи ја, пред се во предвид намената. Можни влијанија би имало само во период на изградбата за што ќе се предвидат посебни мерки во понатамошните документи за влијание врз животната средина.

Со имплементацијата на планот може да се предизвикаааат незначителни влијанија врз здравјето на луѓето (бучава и вибрации).

Емисијата на прашина и издувни гасови од моторните возила може да се покачат поради евентуално изведување на градежни активности.

Обезбедувањето на парковско и заштитно зеленило и останато хортиклултурно уредување на просторот ќе биде во функција на подобрување на здравјето на луѓето. При изградбата и во зависност од типот на објектот да се применуваат пропишаните стандарди согласно Европските Директиви и меѓународната законска регулатива.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз човековото здравје ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина од различни аспекти на медиумите на животната средина што е и законска обврска.

Влијание врз социо-економската состојба

Имплементацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга ќе има позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот, подобрување на начинот на живеење.

Влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух

Со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга, не се очекуваат особени влијанија врз амбиентниот воздух. Одредени краткорочни влијанија врз квалитетот на воздухот се очекуваат во време на градба - изведбата на земјени и градежни работи при што се очекува појава на прашина, како фугитивна емисија на најситни честички на прашина и песок.

Во време на градежната фаза треба да се очекуваат, пред се:

- Повремено загадување на воздухот од местата на изведба на градежните активности, од градежните материјали кои ќе се користат и од видот на транспортот на градежните материјали;
- Целата градежна механизација за време на подготовката на теренот ќе има негативно влијание врз квалитетот на воздухот;
- Главен загадувач на воздухот за време на градежните активности ќе биде прашината предизвикана од копање, набивање на тлото, односно земјените работи.

Евентуалните влијанија од овој вид ќе бидат детално анализирани при изработката на студиите за оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина од сите аспекти на животната средина, како би се остварале поволни услови за подобрување на квалитетот на живеењето, животната и работната средина, што е и законска обврска, која треба да се реализира во фазата на добивање на одобрението за градба.

Влијание врз климатски промени

Со реализацијата на овој план не се очекува да предизвика промени на микроклимата или нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион. Ваквиот тип на објекти не спаѓа во групата на големи загадувачи на

животната средина. Имајќи ја во предвид намената на класи за овој плански опфат не се очекуваат големи согорувачки процеси (освен употребата на котли со мали капацитети кои би се користеле сезонски за греење или со помош на електрична енергија-инвертор клима уреди). Дополнителното утврдување на можностите за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на капацитетот во зимскиот период е избор на уште поповолна алтернатива за индиректно намалување на емисиите на CO_2 во животната средина, кои би можеле да влијаат на микроклимата во поширокото опкружување. Искористувањето на соларната енергија како извор на енергија оди во прилог на намалување на влијанијата на климатските промени.

Влијание предизвикано од зголемена бучава

Во фаза на имплементација на планираните активности за инфраструктурно опремување на планскиот опфат и изградба на инфраструктурната мрежа може да се очекува зголемена бучава. Како извори на бучава ќе се јави градежната механизација при евентуална изведба на некој инфраструктурен проект или градба.

На опфатот во оваа фаза не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Доколку при имплементација на планскиот опфат се применат мерките дефинирани согласно Стратегиската оцена на влијанијата врз животната средина од секоја посебна активност ќе се намалат очекуваните ефекти од зголемена бучава и ќе се сведат на дозволените нивоа, во согласност со Законот за бучава.

Влијание од вибрации

При изведба на градежни активности може да се очекуваат вибрации, но тоа ќе бидат со со ограничен интензитет и времетраење.

Влијание врз квалитетот на водите

Идентификувани извори на емисии на отпадни води во опфатот се санитарните отпадни води. Ако неправилно се управува со истите може негативно да влијаат врз површинските и подземните води и да го загрозат квалитетот на околното земјиште. Планските решенија за комуналната инфраструктурна мрежа и одведувањето на фекалните и атмосферските води од објектот треба да овозможат контролирано испуштање на истите. Нарушувањето на квалитетот на водите може да биде и резултат на неправилно управување со отпадот кој ќе се создава во периодот на користење на услугите од објектот, заради што се препорачува интегрирано управување со истиот.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз квалитетот на водите ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска и во таа насока ќе се предвидат посебни мерки согласно законската регулатива.

Влијание врз почвата

Евентуалните влијанија врз почвата може да произлезат од несоодветна имплементација на проектот, генерираниот отпад, издувните гасови од превозните средства и сл.

Значајни влијанија врз почвата не се очекуваат, бидејќи во Планот за изградба се предвидени мерки и решенија за комуналната инфраструктурна мрежа, управување со отпадните води и отпадот кој ќе се генерира во локацијата. Влијанија врз почвата исто така, се очекуваат при активностите околу расчистување на теренот со вегетација.

Евентуални влијанија врз почвата може да се очекуваат во случај на несоодветно управување и ракување со отпадните масла и отпадните води. Во планската документација се предвидени активности за правилно управување со отпадните води.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз квалитетот на почвата ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

Влијание врз пределот

Изградбата на објектите и инфраструктурата може да предизвика евентуални влијанија врз пределот како резултат на ископувањето на земјиштето и депонирањето на вишокот земја на несоодветни локации. Но, овие влијанија се очекува да се третираат како негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење.

Чувствителноста на просторот, високата вредност на природните и создадени вредности на регионот наметнуваат потреба во планските решенија, посебно внимание да се обрне на:

- Унапредувањето и заштитата на животната средина;
- Заштита на Регионот како светско културно наследство;
- Зачувување на еколошките вредности, функции и биолошкиот диверзитет во овој регион;
- Интегрална заштита на природната просторна целина на Националните паркови, спомениците на природата (Охридско Езеро) и други категории на природни богатства.

Влијанијата на пределот на локацијата може да бидат значителни доколку се влијае неконтролирано и несоодветно одржување на просторот во и надвор од локацијата на опфатот. При одвивање на градежните активности

може да се предизвикаат негативни влијанија предизвикани како резултат на ископувањето на земјиштето и депонирањето на вишокот земја на несоодветни локации. Ваквите влијанија се очекува да се третираат како негативни влијанија, но истите би биле со ограничен интензитет и времетраење.

При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

Комплексната туристичка понуда на регионот дава можности за развој на повеќе видови туризам: селски, планински, езерски, риболовен и др. Туристичкиот развој подразбира зачувување на животната средина затоа што не е можен туристички развој во средина во која се нарушени односите во еко-системите.

Туризмот мора да го заштитува просторот од другите некомплементарни активности со кои доаѓа во просторна колизија, но исто така и од самиот себе, за да го зачува основниот ресурс на кој го темели својот развој. Еден од најважните начини на контролирање на просторниот развој на туризмот е по пат на утврдување на носечкиот капацитет на туристичкиот простор. Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Реализацијата на овој проект би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на одржливо користење, повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина. Со овој план не се очекуваат значителни влијанија врз пределот на локацијата и поширокота околина.

Влијание врз културното наследство

Културното наследство на регионот е симбиоза на непроценливи материјални и духовни вредности во една урбанистичко-архитектонска целина сочинувајќи нераскинливо единство на традиционални и уметнички вредности и книжевни, документациони фондови, почнувајќи од праисторијата до денес.

Доколку при реализација на земјаните активности на терен се наиде на археолошко наоѓалиште, треба да се постапи согласно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Влијание врз природното наследство

Од областа на заштита на природата, урбанистичката документација треба да е усогласена со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-преспански регион, како и Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, Законот за управување со светското културно наследство во Охридскиот регион и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО, Законот за заштита на природата, План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), на тој начин, што врз основа на режимите на заштита, се организирани активностите за разработка на планската документација и изградба на градби, кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштита.

Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна)

Во современото планирање на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната рамнотежа во екосистемите. Заштитата на природата ја опфаќа заштитата на биолошката и пределската разновидност и заштитата на природното наследство.

Од областа на заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност), урбанистичката планска документација треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објект кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и

извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;

- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 121/21) и Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Влијание врз материјалните добра

Имплементацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга ќе ја зголеми економската вредност на земјиштето и ќе стане простор за урбан развој.

Влијание по однос на генерирање на отпад

Кога се работи за проблемот на загадување на животната средина неизбежен е податокот дека цврстиот комунален отпад претставува директен загадувач на животната средина и затоа треба да му се даде едно од приоритетните места за негово решавање. Со правилен пристап и изнаоѓање на соодветни технички решенија за собирање, изнесување и третирање на цврстиот комунален отпад ќе се подобрат општите услови за живеење, истовремено директно ќе влијае на заштитата на животната средина.

Еколошките проблеми кои се наметнати од несоодветното третирање на отпадот се од висок ризик бидејќи влијаат врз самото население посебно врз младата популација, нивното здравје, животната средина и општиот прогрес.

Се препорачува сите овие активности да бидат опфатени со изработката на студиите или елаборатите согласно Законот.

При реализација на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга за очекување е генерирање на градежен и земјен отпад. Со планскиот документ предвидено е отпадот при градбата соодветно да се собира и превзема, а дел од него да се искористи во тампонирање на пристапните делови и покривање на ископите.

Примарната селекција на отпадот треба да се предвиди како континуирана активност по пуштањето во функција локалитетот.

Се препорачува сите овие активности да бидат опфатени со изработката на Студиите или Елаборатите согласно Законот.

Влијание од несреќи и хаварии

Можни несреќи и хаварии кои би настанале од имплементацијата на овој плански опфат е појава на пожар, елементарни непогоди и други хаварии. Во планскиот опфат се разработени мерки за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

За успешно функционирање на заштитата од несреќи и хаварии предвидени се мерки за заштита од пожари, односно објектот да е лоциран така да е пристапен за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од пропишаниот со што ќе се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита на пожар.

Деталната анализа на овие влијанија ќе биде со Студиите или Елаборатите согласно Законот и се обврска да се изготват во подоцнежните фази на реализација на инвестицијата.

8. Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на Република Македонија (член 8) и е регулирана со Законот за животна средина, како и останатите закони и подзаконски акти кои се наведени во овој Извештај. Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план на Република Македонија, Националниот Еколошки Акционен План, секторски студии за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација, а кои е потребно да се испочитуваат во текот на подготовката на планската документација.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот;
- Озеленување на дворните површини;
- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Соодветен третман на отпадните води;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Доследно спроведување на планот.

Во поглед на озеленувањето да се планираат соодветни профили на дрвореди покрај сообраќајниците и објектот за да го спречат негативното влијание на квалитетот на животната средина. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Диспозицијата на високите дрвја да биде усогласена со трасите на подземните инсталации, додека изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите во работната и животната средина, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување. Согласно Законот за урбано зеленило, процентуалната застапеност на зелената површина да се дефинира со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање зависно од локацијата, намената и големината на градежната парцела.

За заштита на површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно спроведување на принципот на заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем;
- Со планското решение се почитува постојната канализациона мрежа, а останатиот дел се надградува и се поврзува во постојниот

инфраструктурен систем. Во рамки на проектниот опфат се планира приклучок на секој објект во парцелата на фекална канализација со Ф250, која понатаму ќе се приклучи на постојната мрежа.

Просторот на предметната локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја во Република Северна Македонија, Емералд подрачјата, како и идентификуваните Натура 2000 подрачја.

Предметната локација се наоѓа во опфатот на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион („Сл. Весник на РМ" бр. 75/10), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвенција.

Имајќи предвид дека предметната локација за која се изработува Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга се наоѓа во регистрирано природно наследство, односно станува збор за регион кој е впишан на Листата на светско наследство на УНЕСКО потребно е целосно почитување и примена на домашната законска регулатива и примена на меѓународните прописи и Конвенции чиј потписник е Република Македонија.

Самиот факт што избраната локација се наоѓа во рамките на заштитеното подрачје, изградбата на нови објекти може да доведе до нарушување на пределот и визуелниот амбиент кој го карактеризира овој регион.

Од тие причини, согласно параграф 172 од Оперативниот водич за имплементација на Конвенцијата за заштита на културно наследство потребно е државите - членки на Конвенцијата да го информираат Комитетот за светско наследство за нивната намера за превземање на поголеми реконструкции или нови градежни зафати во подрачјето заштитено според Конвенцијата.

Во насока на почитување на горенаведената одредба, планските документи, архитектонските идејни и основни проекти како и изготвените Студии за влијанието врз животната средина преку Националната комисија за УНЕСКО во РМ треба да бидат доставени до Центарот за Светско наследство на УНЕСКО, пред донесување на конечни одлуки. На овој начин Комитетот може да помогне во изнаоѓање на соодветни решенија за да се обезбеди целосно зачувување на исклучителната универзална вредност на доброто.

Третата заштитна зона ги опфаќа просторите со непродуктивна намена (населби и друго градежно земјиште) и продуктивно земјиште (земјоделски поседи, пасишта и шуми), што се застапени меѓу котата 866 мнв и надворешната граница на првата заштитна зона. Во оваа зона ќе се овозможи развој на населбите, туризмот и инфраструктурата, но ќе се дефинираат посебни услови.

Забранети активности во заштитната зона III-д:

- интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат;
- изградба објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 40%;
- реконструкција на легално изградените станбени објекти во постојниот габарит;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Во делот културно наследство објектот се наоѓа во Зона III - д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата) каде постојат низа посебни заштитни мерки со пропишан режим на заштита кој треба да се почитува при изработката на планската документација.

Бидејќи предметот се однесува на подрачје заштитено од УНЕСКО вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно член 71 од Законот за заштита на културно наследство). Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокиte подрачја и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива Закон за заштита културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз демографскиот фактор***

Имплементацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на демографскиот развој и затоа не се предвидуваат мерки за заштита.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз човековото здравје***

Интегралната реализација на предложените мерки во сите фази на инвестициониот циклус е во насока на намалување на можните негативни влијанија врз животната средина кои може на директен или индиректен начин да се рефлектираат врз здравјето на луѓето. Цврстиот отпад што би се јавил во рамките на планираниот опфат е потенцијална опасност. Затоа се предлага (интегрирано управување), организирано собирање и

транспортирање до местото наменето за отпад. Канализационата отпадна вода и отпадните води потребно е да се испуштаат во канализациона мрежа.

Доследното спроведување на планските решенија, ќе доведе до директна заштита на човековото здравје. Примената на сите мерки ќе овозможи елиминирање на евентуалните негативни влијанија врз животната средина кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на човекот.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз социо-економската состојба***

Реализацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на социо-економската состојба на населението, ќе го подобри квалитетот на живеењето и ќе го зголеми стандардот на населението. Со планско уредување на просторот и реализација на предвидените плански решенија ќе се зголеми економската вредност на земјиштето и во негова непосредна околина, ќе се создадат услови за искористување на расположивата работната сила, економски раст и добросостојба на локалното население.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух***

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување, односно при проектирање и реализација на објектот да се применат и имплементираат современи технологии и најдобри достапни техники кои го заштитуваат воздухот од загадување.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга се препорачува користење на обновливи извори на енергија, како енергетски ресурси и предвидување на зелени површини на соодветни слободни површини, хортикултурно уредување на просторот, што индиректно ќе влијае на реализација на целите и приоритетите одредени според Националниот план за заштита на амбиентен воздух во Република Македонија, според кој треба да се обезбеди преземање на мерки за намалување на емисиите од определени стационарни извори на загадување и усвојување на неопходни мерки и активности за минимизирање и целосно отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата на урбанистички проект се предлагаат следните мерки:

- Избегнување на користењето на дрвата и фосилните горива како енергетски ресурс;
- Користење на мали котли за загревање со најсовремени горилници и употреба на гориво со мала содржина на сулфур или користење на

електрична енергија како енергенс за затоплување при што нема да има никакви загадувачки емисии, или создавање можност за искористување на обновливи извори на енергија;
- Користење на современи транспортни средства и механизација при вршење на градежните работи, согласно стандардите;
- Подигање на зелени зони на ниско и високо зеленило околу граничната линија на планскиот опфат;
- При планирањето и изградбата на објектите приоритет да се даде на најдобро достапните техники и инсталации;
- За подобрување на квалитетот на воздухот во опфатот, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини, односно да се предвиди формирање на појаси со заштитно зеленило, ниско и средно, со долг вегетациски период се со цел нивно функционално развивање како и додатно намалување на евентуалното аерозагадувањето.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз климатските промени***

Реализацијата на оваа содржина нема да има значителни импликации врз микроклимата на анализираното подрачје.

Предвиденото озеленување на просторот треба да се изведува плански со претходна анализа на изборот на вегетација, со цел да се придонесе кон намалување на присутните загадувачки материи во воздухот, кои се очекуваат заради зголемената концентрација на возила околу опфатот. Дополнително, видот на дрвјата може да придонесе за намалување на околната температура на воздухот, а со тоа да го ублажи влијанието на високите температури во летниот период.

- ***Мерки за заштита од бучава***

Во насока на минимизирање на бучавата во периодот на градба, се препорачува употреба на современа механизација и запазување на дозволените нивоа на бучава.

Доколку во непосредна близина на планскиот опфат постои извор на бучава, тогаш организацијата на објектите треба да биде испланирана така што истите ќе имаат функција на заштитна бариера од бучавата од непосредната околина.

На просторот на Охридско-Преспанскиот регион, влијанието на бучавата врз луѓето и биодиверзитетот е се поизразено, поради големата концентрација на низа активности во функција на туризмот кои продуцираат интензивна бучава.

Потребно е да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Мерки кои се предвидуваат за спречување и намалување на бучавата во фаза на изведба се:

- Објавување на план на отпочнување и завршување на работите;
- Изведба на работите во тек на дневни часови и намалување на можноста за вознемиреност од бучава (од 07.00-17.00 часот);
- Користење на нови и технички исправни машини, кои предизикуваат помало ниво на бучава;
- Изведба на заштитни зелени појаси и хортикултурни садници во границите на планскиот опфат за намалување на нивото на бучава.

- Мерки за намлување на влијанијата од вибрации

Имплементацијата на планската документација нема да предизвика значителни вибрации поради што нема да се воведат некои посебни мерки.

- Мерки за намалување на влијанијата врз почвата

Својствата на почвата индиректно влијаат, како на квалитетот на почвата, така и на квалитетот на подземните води, затоа е потребно да се предвидат соодветни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз почвата.

Во време на градежните активности потребно е контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, да не се вршат поголеми ископи од планираните, како и вишокот на земја да се искористи повторно.

Градежниот шут ако може да се употреби за тампонирање, а во случај да треба да се отстрани, истиот да се собере, транспортира и одложи на за таа цел посебно место на депонија.

Во оперативната фаза треба да се забрани фрлање и неконтролирано одлагање на отпад.

При реализација на предвидените активности на терен да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

Со доследно спроведување на законските обврски на инвеститорот ќе се спречи било какво загадување на почвата во самиот опфат и надвор од него.

- Мерки за намалување на влијанијата врз флората и фауната

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја, надвор од заштитени подрачја како и заштита на природните реткости.

Во современото планирање на просторот, мерките и активностите за заштитата на природата се насочени кон активно уредување и заштита на природата и средината во која човекот живее и работи.

На просторот предвиден за изградба на објекти со намена А4.3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување, предметната локација се наоѓа

во опфатот на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион („Сл. Весник на РМ" бр. 75/10), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвенција.

Согласно План за управување со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга се наоѓа во третата заштитна зона, односно III-д.

Доколку при изработка на планската документација од пониско ниво се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое може да биде загрозено со реализација на планот, потребно е да се превземат мерки за заштита согласно со Закон за заштита на природата.

- Мерки за намалување на влијанијата врз пределот

Со оглед на тоа што поголем дел од туристичките локалитети просторно се сместени во крајбрежните појаси на езерата, активностите во нив треба да се усогласат со режимите и мерките за заштита кои се дефинирани за појасите од 300, 500 и 1000 метри оддалеченост од бреговата линија. Тие произлегуваат од определбите на националната, меѓународната регулатива, особено од препораките на УНЕСКО.

Предвидените активности во планската документација ќе бидат во насока на зачувување и подобрување на естетските потенцијали на пределот. Планската реализација со обезбедување на заштитни појаси со високо и ниско зеленило само ќе го надополни пределот во позитивна смисла.

- Мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра

Имплементацијата на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга има позитивно влијание врз материјалните добра и затоа не се препорачуваат мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра.

- Мерки за намалување на влијанијата врз културното наследство

Согласно Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) се уредуваат видовите, категориите, идентификацијата, начинот на ставање под заштита и другите инструменти за заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на

имателите и ограничувањата на правата на сопственост на културното наследство во јавен интерес.

Во делот културно наследство опфатот се наоѓа во Зона III - д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата) каде постојат низа посебни заштитни мерки со пропишан режим на заштита кој треба да се почитува при изработката на планската документација.

Во текот на реализација на предвидените површини од овој план, доколку се наиде на археолошки остатоци заради превземање на заштитни мерки, потребно е да се информираат службите надлежни за заштита на културно-историското наследство кои ќе пропишат посебни услови и режим за нивна заштита. При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот локалитет со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- Задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработка на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство.

- Мерки за намалување на влијанијата од управување со отпад

Со планската документација треба да биде предвидено селектирање на отпадот и разгледување на алтернативните можности за рециклирање со помош на лиценцирани компании на истиот заради негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија. За собирање на цврстиот отпад треба да се постават контејнери за отпад, да се определат пунктови за собирање на отпадот и поплочени места за поставување на контејнерите. Останатиот отпад, организирано ќе се собира и ќе се одложува на депонија. По завршувањето на активностите шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

Согласно Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РСМ” бр. 216/21), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Создавачот

и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот при изведување на земјаните работи, а со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. Исто така, по завршување на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградената содржина.

- Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на површинските и подземните води

При реализацијата на планот да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и евентуално присутните подземни води. При реализација на активностите на терен да се избегне губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Градот Струга и околните села се водоснабдуваат од Струшкиот водоснабдителен систем. За заштита на Охридското Езеро од комунални отпадни води во функција е колекторски систем. Отпадните води треба да се приклучат на колекторот за заштита на Охридското Езеро.

За заштита на површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно спроведување на принципот на заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем;
- Со планското решение се почитува постојната канализациона мрежа, а останатиот дел се надградува и се поврзува во постојниот инфраструктурен систем. Во рамки на проектниот опфат се планира приклучок на секој објект во парцелата на фекална канализација со Ф250, која понатаму ќе се приклучи на постојната мрежа на цевководот од западниот крак на Колекторскиот систем кој се наоѓа од северната страна од магистралниот пат ќафасан-Подмоље и преку истиот да биде евакуирана до пречистителната станица во с. Ложани.

- Мерки за намалување на влијанијата од несреќи и хаварии

За намалување на можните влијанија предизвикани од несреќи и хаварии се препорачува имплементација на мерките дадени во планската документација, во фазата на изградба, што ќе овозможат минимизирање на евентуалните појави за несреќи и хаварии во оперативната фаза.

- Мерки за заштита и спасување

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во регион со висок степен на опасност од воени разурнувања, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на заштита. Заради можните директни воени воздушни удари на инфраструктурната мрежа и градбите и нивно оштетување, планскиот концепт и предвидената улична мрежа со своите патни планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат непречена интервенција заради брза и непречена евакуација на луѓето, брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила, со цел штетите да се сведат на минимум, а последиците да бидат брзо санирани. Другите елементи за заштита од воени разурнувања, да се утврдат со основниот план, посебно за секоја градба.

- Мерки за заштита од пожар

Заради навремена заштита од пожар потребно е да се обезбеди доволно простор со цел да се обезбеди брз и непречен пристап во услови на пожар. Со сообраќајното решение во планската документација е предвидено решение кое во услови на пожар обезбедува пристап на противпожарно возило од повеќе страни.

Во градот Струга кој ќе го опслужува комплексот со противпожарна заштита, има противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на сервисните дејности. Во понатамошната разработка на планот, потребно е да се утврди громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување. Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основните проекти.

При подготовката на планската документација почитувани се пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ” бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и Законот за пожарникарство („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 152/19), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Сл. Весник на РМ” бр. 94/09), Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари („Сл. Весник на РМ” бр. 31/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

- Мерки за заштита од природни катастрофи

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Според

постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8° по МЦС.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотрес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла);
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- непречена интервенција;
- штетите да се сведат на минимум;
- брза санација на последиците.

9. План на мерки за мониторинг на животната средина

За изработка на ефективен план за управување, неопходно е најнапред да се спроведе оцена на статусот на сите природни вредности вклучувајќи го и здравјето на човекот. Во следниот чекор се определуваат цели и приоритети за управување. Дали превземените мерки и активности ги даваат посакуваните резултати се утврдува преку континуиран мониторинг. Податоците од мониторингот ќе бидат основа за изработка на следниот план за управување. Според тоа, мониторингот е составен дел од кружниот процес на планирање на управувањето.

Основни цели на планот за мониторинг се:

- Подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард;
- Заштита на животната средина со имплементација на Планот;
- Одржување на постојано ниво на флора и фауна;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на кавалитетот на почвата;
- Минимизирање на отпадот, рециклирање и негова повторна употреба;
- Минимизирање на појави од несреќи и хаварии.

Сепак, тоа најчесто се постигнува низ осмислени научни истражувања чија главна цел е да ги опишат процесите на екосистемите вклучувајќи ги и законите кои влијаат врз нив.

Еколошкиот мониторинг се однесува на последователни мерења во екосистемите со главна цел определување на трендови во компонентите, процесите или функциите.

Со секој предлог мерки за заштитата на животната средина потребно е да се изготви план за мониторинг на предложените мерки и мониторинг на животната средина. Во современото планирање на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Што се однесува до изработката на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга, особено треба да се има во предвид близината на обработуваниот простор. Доколку при изработка на УП и уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои може да бидат загрозени потребно е да се преземат мерки за заштита согласно Законот.

Планот на мониторинг предвидува следење на следните параметри во животната средина:

- Следење на квалитетот и квантитетот на водите;
- Следење на квалитетот на водите;
- Следење на квалитетот на почвата;
- Следење на бучавата.

Со овој план ќе се овозможи:

- Потврда дека договорените услови при одобрување на проектот се соодветно спроведени;
- Управување со непредвидени влијанија и промени;
- Потврда дека влијанијата врз медиумите на животната средина се во рамките на предвидени или дозволени гранични вредности;
- Потврда дека со примена на мерките се врши заштита на животната средина, односно намалување на негативните влијанија.

Препораки:

- При имплементацијата на Планската документација да се следат и имплементираат препораките дадени во Планот за управување со Светското природно и културно наследстдво на Охридскиот Регион (2020 - 2029), во однос на заштитата на културното и природното наследство;
- При носење на одлуки во постапките за усвојување Планот, да се почитуваат мислењата добиени од надлежните институции, засегнатите страни и засегнатата јавност;
- При изградба на новопланираните објекти да се користат енергетски ефикасни материјали;
- Редовно да се одржуваат системите за водоснабдување и одведување на атмосферските и комуналните отпадни води;
- При имплелентација на Планот, посебно во градежата фаза да се применува добра градежна пракса;
- Урбанизацијата и просторниот развој да се усогласи во согласност со чувствителноста на локацијата подложна на природни непогоди, воени дејствија, технолошки несреќи;
- Преземање на компензациони мерки во случај на направени штети со кои е засегнато населението, нивното здравје и безбедност;
- Примена на мерките предложени во планската документација и Извештајот за СОЖС кои предвидуваат мерки за ефикасно користење на просторот, намалување на емисиите во животната средина, со цел избегнување на директните и индиректните ефекти врз медиумите и областите од животната средина и населението, особено мерките за намалување на нивото на бучава, заштита на водите, како и мерките за заштита од несреќи и хаварии.

10. Нетехничко резиме

Во извештајот за Стратегиската оцена за животна средина се земени се детали од планот, програмите и стратегиите, како и информациите кои се утврдени при изготвувањето, а се од особено значење за можните влијанија за животната средина.

Извештајот на овој плански документ ги опфаќа податоците за:

- Постојната состојба на планскиот опфат;
- Потенцијалните влијанија врз населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, почвата, воздухот, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство и др.
- Мерките за заштита и намалување на влијанијата;
- Краток преглед за причините врз основа на кој се одвиваат алтернативите;
- Состојбата на животната средина без имплементацијата на планот;
- Планот за мониторинг на животната средина.

Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга се наоѓа западно од село Мислешево, во близина на градот Струга, и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација. Пристапот ќе се обезбеди преку дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, од источната страна на опфатот. Границите на проектниот опфат се:

- На север поминува низ мал дел од КП 1765/1 и се движи по границите со КП 1765/111, 1765/110, 1765/109 и 1765/108 КО Мислешево-вгр,
- На исток продолжува да се движи по границата со КП 1765/108, ја сече КП 1765/1, продолжува по границата со КП 1765/21, по што скршнува лево и надолу низ КП 1765/1 и продолжува по границата со КП 1765/83 КО Мислешево-вгр,
- На југ се движи по делови од границите со КП 1765/14 и КП 2817/1 КО Мислешево-вгр,
- На запад поминува низ дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр.

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 1,64 ха (16435,50м^2)

Предметната локација досега не била опфатена со никаков урбанистички план, општ акт или урбанистичко-планска документација, а од Општина Струга не е добиена информација дека во непосредна близина на проектниот опфат (поточно во радиус од 100м) постојат урбанистички планови или одобрени урбанистички проекти. Заради тоа и согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), урбанистичкиот проект се изработува врз основа на претходно издадените услови за планирање на просторот за ГУП на Град Струга, бидејќи истиот е дел од тој опфат за Условите за планирање на просторот.

За утврдување на постојната состојба, направена е инвентаризација во рамките на проектниот опфат, при што е утврдено дека опфатот претставува неизградено земјиште.

Во рамки на предметниот проектен опфат нема изградени објекти и има постојна 35kV подземна мрежа.

Според податоци добиени од Министерство за култура - Управа за заштита за културно наследство, констатирано е дека во границите на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, со напомена дека доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р.Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 71/14, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Согласно донесениот План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл. Весник на РСМ" бр. 45/20), проектниот опфат се наоѓа во III-д заштитна зона - урбани опфати надвор од градот и надвор од селата (културно наследство).

Во опфатот нема утврдени поединечно заштитени добра и амбиентални градби.

Според податоците добиени од комуналните претпријатија, направена е целосна инвентаризација на постојната комунална инфраструктура во рамките и непосредна близина на проектниот опфат.

Според добиените податоци од ЈП Водовод и канализација Струга, во близина на проектниот опфат поминуваат водоводни линии Ø80 и Ø300 и канализациона линија Ø300, прикажани на скица од нивна постоечка инфаструктура.

Од АД НОМАГАС Скопје е доставен одговор дека на наведениот проектен опфат нема и не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

Според податоци добиени од МЕПСО, предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Македонски Телеком АД Скопје има доставено податоци и информации дека на наведениот плански опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Од Агенција за електронски комуникации (АЕК) е доставен одговор со податоци со кои во моментов располага Агенцијата и е добиен графички прилог со нанесена постојна телекомуникациска инсталација - оптички кабел во близина на опфатот.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје има доставено графички прилог со нанесен постоен 35kV подземен вод кој поминува низ мал дел од проектниот опфат и е нанесен 35kV надземен вод кој е надвор од предметниот проектен опфат.

Јавно препријатие колекторски систем (ЈПКС) има доставено информации дека новопроектираните урбани единици од општина Струга

фекалната канализација во согласност со одредбите од член 150 од законот за водите, се приклучуваат на колекторскиот систем кои ги евакуира загадените води во пречистителната станица во с. Ложани и пречистени ги испушта во реципиентот реката Црн Дрим.

Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за природа нема доставено одговор за податоци и информации по поднесеното барање, согласно законски утврдениот рок.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство има доставено одговор на барањето за податоци и информации дека за предметните катастарски парцели, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство нема склучено договори за закуп.

Изградбата на градби со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување и од аспект на повисока организација и уреденост на просторот, инфраструктурна опременост, како и максимално почитување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

Основа за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга, претставуваат добиените Услови за планирање на просторот.

Изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга е во согласност со член 59 став 6 точка точка 13 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), како и член 58 став 3 точка 15 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) може да се уредуваат поединечни градби како што се други градби од локално значење од групите на класи на намени А, Б, В, Г, Д и Е што ги задоволуваат условите за поединечни градби.

Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за изградба на комплекс градби со намена викенд куќи

Со овој урбанистички проект се планираат следните поединечни намени: А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија: трансформаторски станици.

Со изработката на овој урбанистички проект и со планираните површини за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, се планираат 301 број на жители на ниво на проектен опфат, односно во планираните градежни парцели во рамките на проектниот опфат (ГП 1.1 - ГП 1.15).

На ГП 1.16 се планира изградба на трафостаница, за потребите за снабдување со електрична енергија за планираните градби за викенд куќи и други објекти за времено сместување, во рамките на проектниот опфат.

Со изработката на овој урбанистички проект, не се планираат компатибилни и комплементарни намени.

Согласно член 113 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) се планира оградување на градежните парцели со транспарентна ограда со вкупна висина од 1,20 м до 2,00 м, со можност за изведба на sидан парапет со висина од 0,40 м до 0,80 м.

Во спроведувањето на урбанистичките планови оградите се поставуваат по правило во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.

Со овој урбанистички проект не се планираат: издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, ветерници или други објекти со височина поголема од 100м, кои би претставувале препреки во воздухопловството.

Проектниот опфат се наоѓа во III-д заштитна зона - урбани опфати надвор од градот и надвор од селата (културно наследство) која е утврдена во донесениот План за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион („Сл. Весник на РМ" бр.45/20), во која е забрането изградба на објекти повисоки од П+3 ката и поголем процент на изграденост од 40%.

Во овој урбанистички проект, планираните градежни парцели и површини за градење се со максимална катност од П+2 и имаат процент на изграденост не поголем од 40%.

Според тоа се констатира дека се исполнети одредбите кои се пропишани со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.

Во рамки на проектниот опфат, планирани се вкупно 16 градежни парцели, од кои 15 градежни парцели се со намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување и 1 градежна парцела со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија: трансформаторски станици.

Во рамките на градежните парцели ГП 1.1 - ГП 1.14, планирани се вкупно 14 површини за градење за викенд куќи и други објекти за времено сместување, во секоја градежна парцела по една површина за градење.

На ГП 1.15 планирани се 9 површини за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување.

На ГП 1.16 планирана е 1 површина за градење за изградба на трафостаница.

Во рамки на проектниот опфат, планирани се вкупно 23 површини за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување и 1 површина за изградба на трафостаница.

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Улична мрежа;
- Водоводна мрежа;
- Канализациона мрежа;

- Електрична мрежа.

До градежните парцели колскиот пристап ќе се одвива преку пат од дел од КП 1765/1, КО Мислешево, од источната страна на проектниот опфат. Истиот продолжува со внатрешна пристапна сообраќајница. Апсолутна кота на терен е земена 692.62 (±0.00).

Со изработка на урбанистичкиот проект, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за предметниот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапната внатрешна сообраќајница, истото е усогласено со нивелетата на постојниот пат, како и конфигурацијата на теренот. Подолжниот наклон се движи од 0.06% до 0.27%.

Согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) за групата на класи на намена А4 - ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ потребно е да се обезбеди:
„1 паркинг место на 8 легла".

Согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) за групата на класи на намена Е - Инфраструктури, „Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, бројот и структурата на вработени, бројот, фреквенцијата и структурата на корисниците, степенот на моторизација, постоењето и капацитетот на јавен превоз, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај - службен, индивидуален, за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата, како и за посетителите и корисниците на градбата - да се обезбедат во рамки на градежната парцела, и/или на соседна градежна парцела и/или на земјиште за општа употреба".

Со овој урбанистички проект, соодветно на потребите и специфичните услови кои произлегуваат од намената на градбата, се планираат паркинг места за лесни моторни возила, во рамки на сопствената парцела. Планирани се 10 паркинг места во градежната парцела на ниво на партер и 31 паркинг места во гаражи во рамки на планираните градби. Вкупно се обезбедени 41 паркинг места за лесни моторни возила.

Планираните решенија за водовод, се изработени на основа следните подлоги и податоци:

- Нивелационо решение на улиците
- Постојни технички прописи и нормативи за овој вид на објекти и инсталации.

Планираниот развој за водовод, фекална и атмосферска инфраструктура се базира на податоците и информациите добиени од ЈП Водовод и канализација Струга и од планираната комунална инфраструктура на измена и дополна на ГУП за град Струга 2007-2017, општина Струга.

Надвор од проектниот опфат постојат водоводни линии Ø80 и Ø300, како и фекална канализација Ø300.

Согласно измена и дополна на ГУП за град Струга 2007-2017, општина Струга, од новопланирана фекална канализација Ø300 се планира приклучок

во парцела со Ø250 фекална канализација. Од новопланирана водоводна мрежа пвц нд 160 согласно ГУП на град Струга, се планира приклучок во градежната парцела со водоводна линија Ø300. Од новопланирана атмосферска канализација Ø 500, се планираат приклучоци во внатрешни планирани сообраќајници со мрежа на атмосферска канализација од Ø300, за одведување на атмосферските води.

Приклучокот на планираните инсталации да се изврши според важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.

Електричната мрежа и потребата од едновремена ел.снага за ново предвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:
Едновремената ел. моќност за градби на предметниот проектен опфат изнесува:
Pen = 454,49 kW

Врз основа на потребите на градежните парцели за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, обезбедена е една трафостаница на ГП 1.16 со поединечна намена Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија: трансформаторски станици, со површина од 30м^2, согласно добиените податоци и информации од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, под бр. 10-25/7-387 од 06.11.2023 година.

Предвиден е новопланиран среднонапонски кабел 10(20)kV подземен вод и заштитен појас до новопланирана трафостаница објект бр. 1.16.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на документација за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН Македонија.

За дефинирање на потребниот број на телекомуникациски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телекомуникациската мрежа треба да се изведе според површината на објектот, неговата функција, број на вработени и корисници и сл.

Според добиените податоци и информации од Македонски Телеком АД Скопје нема постојни телекомуникациски инсталации во предметниот проектен опфат.

Од Агенцијата за електронски комуникации е добиена информација дека во близина на посочената локација има постоен оптички кабел кој е прикажан во соодветните графички прилози од урбанистичкиот проект.

Партерното решение на секоја градежна парцела (ГП 1.1 - ГП 1.15) за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, се состои од:

сообраќајна површина во рамки на градежната парцела, паркинг место, поплочена површина за пристап до објектите и зеленило.

Партерното решение на градежната парцела ГП 1.16 се состои од: поплочена површина за пристап до објектот наменет за трафостаница. На ГП 16 не се предвидува зеленило, со оглед на предвидената поединечна намена за изградба на трафостаница.

Согласно член 166 и член 169 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25), а имајќи ја во предвид основната намена, типот и големината на градбата, во рамки на градежните парцели ГП 1.1 - ГП 1.15 планирано е приватно дворно зеленило.

Имајќи во предвид дека дел од парцелата се наоѓа во заштитниот појас на постојната подземна мрежа од 35kV, во тој дел е планирана површина само со ниско зеленило - трева. Во делот кој не е во овој заштитен појас, предвидено е високо и ниско зеленило во рамки на градежните парцели.

Утврдениот процент на озеленетост во градежните парцели кој е обезбеден со урбанистичкото решение е во согласност со Законот за урбано зеленило („Сл. Весник на РСМ" бр. 11/18, 42/20 и 224/24), според кој е потребно минимум 20% озеленетост.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот;
- Озеленување на дворните површини;
- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Соодветен третман на отпадните води;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Доследно спроведување на планот.

Во поглед на озеленувањето да се планираат соодветни профили на дрвореди покрај сообраќајниците и објектот за да го спречат негативното влијание на квалитетот на животната средина. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Диспозицијата на високите дрвја да биде усогласена со трасите на подземните инсталации, додека изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите во работната и животната средина, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување. Согласно Законот за урбано зеленило, процентуалната застапеност на зелената површина да се дефинира со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање зависно од локацијата, намената и големината на градежната парцела.

За заштита на површинските и подземните води од загадување со отпадни води потребно е стриктно спроведување на принципот на заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем;
- Со планското решение се почитува постојната канализациона мрежа, а останатиот дел се надградува и се поврзува во постојниот инфраструктурен систем. Во рамки на проектниот опфат се планира приклучок на секој објект во парцелата на фекална канализација со Ф250, која понатаму ќе се приклучи на постојната мрежа.

Просторот на предметната локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја во Република Северна Македонија, Емералд подрачјата, како и идентификуваните Натура 2000 подрачја.

Предметната локација се наоѓа во опфатот на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион („Сл. Весник на РМ" бр. 75/10), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Конвенција.

Имајќи предвид дека предметната локација за која се изработува Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга се наоѓа во регистрирано природно наследство, односно станува збор за регион кој е впишан на Листата на светско наследство на УНЕСКО потребно е целосно почитување и примена на домашната законска регулатива и примена на меѓународните прописи и Конвенции чиј потписник е Република Македонија.

Самиот факт што избраната локација се наоѓа во рамките на заштитеното подрачје, изградбата на нови објекти може да доведе до нарушување на пределот и визуелниот амбиент кој го карактеризира овој регион.

Од тие причини, согласно параграф 172 од Оперативниот водич за имплементација на Конвенцијата за заштита на културно наследство потребно е државите - членки на Конвенцијата да го информираат Комитетот за светско наследство за нивната намера за превземање на поголеми реконструкции или нови градежни зафати во подрачјето заштитено според Конвенцијата.

Во насока на почитување на горенаведената одредба, планските документи, архитектонските идејни и основни проекти како и изготвените Студии за влијанието врз животната средина преку Националната комисија за УНЕСКО во РМ треба да бидат доставени до Центарот за Светско наследство на УНЕСКО, пред донесување на конечни одлуки. На овој начин Комитетот може да помогне во изнаоѓање на соодветни решенија за да се обезбеди целосно зачувување на исклучителната универзална вредност на доброто.

Третата заштитна зона ги опфаќа просторите со непродуктивна намена (населби и друго градежно земјиште) и продуктивно земјиште

(земјоделски поседи, пасишта и шуми), што се застапени меѓу котата 866 мнв и надворешната граница на првата заштитна зона. Во оваа зона ќе се овозможи развој на населбите, туризмот и инфраструктурата, но ќе се дефинираат посебни услови.

Забранети активности во заштитната зона III-д:

- интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат;
- изградба објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 40%;
- реконструкција на легално изградените станбени објекти во постојниот габарит;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

Во делот културно наследство објектот се наоѓа во Зона III - д (урбани опфати надвор од градот и надвор од селата) каде постојат низа посебни заштитни мерки со пропишан режим на заштита кој треба да се почитува при изработката на планската документација.

Бидејќи предметот се однесува на подрачје заштитено од УНЕСКО вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно член 71 од Законот за заштита на културно наследство). Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокиите подрачја и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива Закон за заштита културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Кога станува збор за мониторинг за животната средина се дава можност за испитување, оценување и системско набљудување на загадувањето и состојбата на медиумите во животната средина како и идентификација и регистрација на изворите на загадување. Планот на мониторингот претставува алка помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции во кој ќе го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат одлуки.

Најголем бенефит во спроведувањето на стратегиската оцена на животната средина е во вклучување на аспектите од полето на социјалата, економијата и животната средина, меѓусебната соработка, развој на

регионалните цели и целите за одржлив развој и заштита на животната средина и луѓето.

11. Прилози

Листа на национална законска регулатива

1. Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 89/22 и 171/22);
2. Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 74/05);
3. Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапката за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
4. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
5. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 144/07);
6. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 147/08);
7. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18 и 32/20);
8. Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11 и 100/12-пречистен текст, 10/15 и 146/15);
9. Правилник за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04);
10. Закон за водите („Сл. Весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ” бр. 151/21);
11. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
12. Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99 и 71/99);
13. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
14. Закон за отпад („Сл. Весник на РСМ” бр. 216/21);
15. Листа на отпади („Сл. Весник на РМ” бр. 100/05);
16. Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
17. Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Сл. Весник на РМ” бр. 64/93);

18. Закон за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19);
19. Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21);
20. Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. Весник на РМ" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и 27/18).

Листа на релевантни ЕУ директиви

Директиви на ЕУ ипфатени во Национална стратегија за апроксимација во животната средина (2008). Релевантни се и нивните измени и дополнувања:

1. Рамковна директива за отпад (2006/12/ЕС)
2. Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/ЕС), дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
3. Рамковна Директива за вода (2006/60/ЕС) дополнета со Одлуката 2455/2001/ЕС
4. Директива за вода за пиење (98/83/ЕС) дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
5. Директива за испуштање на опасни супстанции во водите (76/464/ЕЕС) дополнета со Директивата (91/692/ЕЕС и 2000/60/ЕС) е биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/ЕС) од 22.12.2007, освен член 6, кој беше отповикан на 22.12.2000.
6. Директива за мерење на квалитетот на водата за пиење (79/869/ЕЕС) дополнета со Директивите 81/855/ЕЕС, 91/692/ЕЕС, и Регулативата (ЕС) 807/2003 ќе биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/ЕС) од 22.12.2007)
7. Директива за Стратешка оцена на животна средина (2001/42/ЕС)
8. Директива за пристап на информации за животната средина (2003/4/ЕС)

Додаток

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

ПЛОШТАД "МАЈКА ТЕРЕЗА" Б.Б., 6330 СТРУГА / SHESHI "NËNË TEREZA" P.N., 6330 STRUGË / Тел./Tel. +389 46 781 335, 781 223, 782 015, Факс/Faks 781 434
web: struga.gov.mk,
e-mail: kryetari@struga.gov.mk, info@struga.gov.mk

Сектор: / Sektori:
Сектор за урбанизам,комунални дејности, сообраќај и заштита на животна средина / Sektori për urbanizëm, veprimtari komunale, komunikacion dhe mbrojtje të ambientit jetësor

Одделение: / Njësia:
Одделение за заштита на животната средина / Njësia për mbrojtje të mjedisit jetësor

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS
Бр./Nr. 12-4258/1
Бр./Nr.
15.11.2021
СТРУГА STRUGË
СТРУГА / STRUGË

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12 93/13, 187/13 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Гадоначалникот на општина Струга, на **15.11.2021** година, донесе:

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За Проектна Програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со Намена А4.3- ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ , на КП бр. 1765/100, 1765/101, 1765/102 и Дел од КП бр. 1765/1 КО Мислешово – вгр, Општина Струга, кој го донесува Советот на општина Струга потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација за Проектна Програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со Намена А4.3- ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ , на КП бр. 1765/100, 1765/101, 1765/102 и Дел од КП бр. 1765/1 КО Мислешово – вгр, Општина Струга, се определуваат следните субјекти:
Локална самоуправа на општина Струга, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Министерство за култура, Министерство за здравство, Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика, Дирекција за заштита и спасување, Агенција за државни патишта, ЕВН, Македонски телекомуникации, Комуналните претпријатија, Невладини организации, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор.

3. За Проектна Програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со Намена А4.3- ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ , на КП бр. 1765/100, 1765/101, 1765/102 и Дел од КП бр. 1765/1 КО Мислешово – вгр, Општина Струга, за чија изработка е одговорен е „ЧИП – ГРОУП „ ДООЕЛ увоз-извоз, а го донесува Советот на општина Струга, донесувањето на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со Намена А4.3- ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ , на КП бр. 1765/100, 1765/101, 1765/102 и Дел од КП бр. 1765/1 КО Мислешово – вгр, Општина Струга, ќе има влијание врз животната средина.

Në bazë të nenit 65 paragrafi (6) të Ligjit për mjedis jetësor ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,124/10, 51/11, 123/12 , 93/13,42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, dhe 99/18), Kryetari i Komunës së Strugës më **15.11.2021**, miratoi:

Vendim për realizimin e vlerësimit strategjik

1.Për Programi projektues për përpunimin e Projektit urbanistik jashtë përfshirjes së planit urbanistik me Qëllim A4.3-SHTËPI VIKENDI DHE OBJEKTE TË TJERA PËR BANIM TË PËRKOHSHËM , në PK nr. 1765/100, 1765/101, 1765/102 dhe Pjesë të PK nr. 1765/1 KK Misleshovë- jqn, Komuna e Strugës, të cilën e miraton Këshilli i komunës së Strugës, është e nevojshme të realizohet vlerësim strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor në pajtim me nenin 65 nga Ligji për mjedis jetësor.

2. Si organe të prekura nga implementimi për Programi projektues për përpunimin e Projektit urbanistik jashtë përfshirjes së planit urbanistik me Qëllim A4.3-SHTËPI VIKENDI DHE OBJEKTE TË TJERA PËR BANIM TË PËRKOHSHËM , në PK nr. 1765/100, 1765/101, 1765/102 dhe Pjesë të PK nr. 1765/1 KK Misleshovë- jqn, Komuna e Strugës, të cilën e miraton Këshilli i komunës së Strugës, përcaktohen subjektet vijuese :
Vetëqeverisja lokale e komunës së Strugës, Ministria për mjedisin jetësor dhe planifikim hapësinor, Ministria e bujqësisë, pylltarisë dhe administrimit të ujërave, Ministria e kulturës, Ministria e shëndetësisë, Ministria e ekonomisë, Ministria e punës dhe politikës sociale, Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim, Agjencia për rrugë shtetërore, EVN, Telekomunikacioni maqedonisë, Ministritë territoriale dhe njësitë e komunës së Strugës, Ndërmarrjet komunale, Organizatat joqeveritare, përfaqësuesit e sektorit ekonomik dhe sektorit të qytetarëve.

3. Për Programi projektues për përpunimin e Projektit urbanistik jashtë përfshirjes së planit urbanistik me Qëllim A4.3-SHTËPI VIKENDI DHE OBJEKTE TË TJERA PËR BANIM TË PËRKOHSHËM , në PK nr. 1765/100, 1765/101, 1765/102 dhe Pjesë të PK nr. 1765/1 KK Misleshovë- jqn, Komuna e Strugës, për të cilën përgjegjëse është SHPKNJP „ ÇIP – GROUP„ a të cilën e miraton Këshilli i komunës së Strugës, e miraton projektin urbanistik jashtë përfshirjes së planit urbanistik me Qëllim A4.3-SHTËPI VIKENDI DHE OBJEKTE TË TJERA PËR BANIM TË PËRKOHSHËM , në PK nr. 1765/100, 1765/101, 1765/102 dhe Pjesë të PK nr. 1765/1 KK Misleshovë- jqn, Komuna e Strugës, do të ketë ndikim në mjedisin jetësor.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: Здравје на населението и социоекономски развој, заштита и управување со емисиите во воздух, вода, почва, заштита и унапредување на биолошка разновидност, управување со емисии од бучава, отпад, заштита и унапредување на пејзажот, заштита на културно наследство и материјални добра, управување со несреќи и хаварии.

5.Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Струга на следната веб адреса/и: www.struga.gov.mk.

6. Против ова Одлука подносителот може да поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страна.

4.Vëllimi i raportit për vlerësim strategjik duhet t'i përfshijë aspektet vijuese: Shëndetin e popullsisë dhe zhvillimin socioekonomik, mbrojtje dhe menaxhim me emisonet në ajër, ujë, truall, mbrojtje dhe përparimi i diversitetit biologjik, menaxhim me emisionet e mbeturinave të zhurmshme, mbrojtja dhe përparimi i pejsazhit, mbrojtja e trashëgimisë kulturore dhe materiale të mira, menaxhim me aksidente dhe dëmtime.

5.Vendimi së bashku me formularët për përcaktimin e nevojës nga realizimi i vlerësimit strategjik publikohet në web faqen e Komunës së Strugës në web faqen vijuese/dhe: www.struga.gov.mk.

6. Kundër këtij Vendimi parashtruesi mund të parashtrojë ankesë deri te Komisioni Shtetëror për vendimmarrje në procedurë administrative dhe procedurë nga mardhënia e punës së shkallës së dytë në afat prej 15 ditëve nga dita e publikimit të Vendimit në web faqe.

ОПШТИНА СТРУГА
Градоначалник,
Д-р Рамис Мерко

KOMUNA E STRUGËS
Kryetar i komunës,
Dr. Ramis Merko

м.п. / v.v.

Изготвил /Контролирал:/
Përpiloi/Kontrolloi:
Митко Коркутоски/Mitko Korkutoski

Одобрил:/Lejoi:
Натмир Неципи/Natmir Nexhipi

2 / 2

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS
Примено / Pranuar 16. 12. 2021
Орга.единица / Njes.organizative | Број / Numer 12-4258/4 | Прилог / Shtese | Вредност / Vlera

Архивски број УП1-15-1774/2021

Дата: 13 -12- 2021

ДО: Општина Струга
Плоштад Мајка Тереза Б.Б.
6330 Струга
Република Северна Македонија

Во Акта - Архивски знак / No Akt - Shenim arkivor
Бр. и датум / Numri dhe data
Прилог / Shtesë
(%) Износ / Shuma

ПРЕДМЕТ: Известување
Врска: Ваш бр. 12-4258 од 15.11.2021 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање–Сектор за просторно планирање под бр. УП1-15-1774/2021 од 19.11.2021 година поврзано со постапката за носење на планската документација за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3-викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП бр. 1765/100, КП бр. 1765/101, КП бр. 1765/102 и дел од КП бр. 1765/1, КО Мислешево-вгр, – Општина Струга, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник“ бр: 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина и формуларот, Министерството за животна средина и просторно планирање ги прифаќа.
Одлуката заедно со формуларот задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изработил: Бајрам Џамиќ

Одобрил: Милева Тагасовска

Согласен: Сашо Апостолов

Министерство за животна срединаи просторно планирањеРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Користена литература

- Просторен план на РМ, 2004;
- Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 - викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 1765/100, 1765/101, 1765/102 и дел од КП 1765/1 КО Мислешево-вгр, Општина Струга;
- Услови за планирање на просторот;
- Директива за стратегиска оцена на животна средина (2001/42/ЕС);
- Домашни и меѓународни документи, планови, програми и стратегии;
- Достапни искуства и практики.